**ООУ „КОЧО РАЦИН“- ПЕТРОВЕЦ**

**ОПШТИНА ПЕТРОВЕЦ**

# САМОЕВАЛУАЦИЈА 2020/2021 год.



**Петровец,2021 год.**

## ОПШТИ ПОДАТОЦИ ЗА УЧИЛИШТЕТО

| | |
|---|---|
| Име на училиштето | **ООУ ,,Кочо Рацин‘‘** |
| Адреса, општина , место | **с.Петровец, Општина Петровец, 1 000 Скопје** |
| Телефон | **(02) 2561-342** |
| Факс | 02/ 2561-342 |
| е-маил | oukocoracin@yahoo.com |
| основано од | Општина Петровец |
| Верификација-број на актот | 14-2693/1 |
| Година на верификација | 1986 год |
| Јазик на кој се изведува наставата | *македонски и албански наставен јазик* |
| Година на изградба | 2015 г. |
| Тип на градба | тврда градба |
| Површина на објектот | 3 000м2 Централно, 300 м2 Катланово, 470 м2 Огњанци |
| Површина на училишниот објект | Вкупно 3770 м2 |
| Површина на спортски терени и игралишта | 3000 м2 |
| Училиштето работи во смена | Да |
| Начин на загревање на училиштето | Сопствено парно |
| Број на одделенија | 9 |
| Број на смени | Две |
| Број на ученици | 722 |
| Број на паралелки | 39 |
| Број на вработени | 67 |
| Број на наставници | 52 |
| Број на стручни соработници | 2 |
| Административни работници | 2 |
| Техничка служба | 11 |

| | |
|---|---|
| Директор | 1 |

- Просторни услови за работа на училиштето

| | |
|---|---|
| Вкупен број на училишни згради | 3 |
| Училишен двор | 3 |
| Број на подрачни училишта | 2 |
| Бруто површина | 40  000 м2 |
| Нето површина | 3 770 м2 |
| Број на спортски терени | 7 |
| Број на катови | 2 |
| Број на училници | 31 |
| Број на помошни простории | 10 |
| Училишна библиотека во централното | Да |
| Начин на загревање на училиштето | Сопствено парно на нафта |

Самоевалуацијата ја спроведуваше Училишна комисија, која по предлог на директорот, беше формирана од Училишниот одбор.

**Училишна комисија за  за спроведување на самоевалуацијата :**

1. Горан Јакимовски – родител  (претседател на комисијата)
2. Лилјана Гроздановска  - родител  (член )
3. Халил Љачи – наставник (член)
4. Зорица Трајковска – педагог (член)
5. Горан Шотаровски –психолог (член)

**Тимови кои учествуваат во процесот на самоевалуација по подрачја**

**Координатори:**
Наташа Велковска

## Подрачје бр. 1 Наставни планови и програми

1. Елена Димитриевиќ - координатор
2. Наташа Здравковска
3. Снежана Т.Шотаровска
4. Валентина Јагуриноска
5. Халил Љачи

## Подрачје бр. 2 Постигања на учениците

1. Назми Малоку - координатор
2. Блерта Бајрами
3. Светлана Томиќ
4. Бојана Спасовска- Кузевска
5. Виолета Јакимовски

## Подрачје бр. 3 Учење и настава

1. Теодора Стојмановска - координатор
2. Владимир Никчевски
3. Емилија Ковиловска
4. Амет Незири
5. Марјан Јанев

## Подрачјр бр.4 Подршка на учениците

1. Зорица Здравковска - координатор
2. Сузана Тодоровска
3. Саније Бакиевска
4. Соња Митровиќ
5. Александар Јованов

**Подрачје бр.5 Училишна клима и односи во училиштето**

1. Катерина Петрушевска - координатор
2. Татјана Трајановска
3. Билјана Тасевска
4. Рамизе Мемедовска
5. Дрина Јовановска

**Подрачје бр.6 Ресурси**

1. Емилија Крстиќ - координатор
2. Дивна Јаковлевска
3. Јосиф Станковиќ
4. Ремзие Беќа
5. Славица Велковска

**Подрачје бр. 7 Управување, раководење и креирање политика**

1. Мира Стојановска - координатор
2. Билјана Наумовска
3. Иле Илиевски
4. Марија Чиплаковска
5. Мимоза Мухтари

**Директор**

______________________

**Виолета Јаневска**

Самоевалуацијата беше спроведена според индикаторите за мерење на квалитет на работата на училиштата, креирани од Државниот просветен инспекторат.

За потребите на самоевалуацијата беа формирани седум тима од наставници од одделенска и предметна настава, според седум подрачја: Наставни планови и програми, Постигања на ученици, Учење и настава, Поддршка на учениците, Училишна клима и односи во училиштето, Ресурси и Управување, раководење и креирање политика**.**
Тимовите имаа свои координатори, редовно се состануваа и работеа на своето подрачје.
Успешна беше соработка помеѓу седумте тимови од наставници.
Беа спроведени анкети со наставници, родители и ученици. Податоците беа обработени, а резултатите од анализата се внесени во самоевалуацијата.

Самоевалуацијата е успешно завршена.

## ПОДРАЧЈЕ БРОЈ:1 Наставни планови и програми

| Број | Индикатор за квалитет | Теми |
|---|---|---|
| **1.1** | **Реализација на наставните планови и програми** | ➢ Применувани наставни планови и програми<br>➢ Информираност на родителите и учениците за наставните планови и програми<br>➢ Прилагодување на наставните програми на децата со посебни образовни потреби<br>➢ Избор на наставни предмети<br>➢ Реализација на проширени програми |
| **1.2** | **Квалитет на наставните планови и програми** | ➢ Родова и етичка припадност и мултикултурна сензитивност во наставните програми и наставните помагала<br>➢ Интегрирање на карактеристиките и потребите на локалната средина во наставните програми и наставните помагала<br>➢ Интегрирање на општите(меѓупредметните) цели на образованието<br>➢ Влијанието на наставниците и родителите врз наставните планови и програми |
| **1.3** | **Воннаставни активности** | ➢ Обем и разновидност на планираните и реализираните воннаставни активности<br>➢ Опфатеност на учениците со воннаставните активности<br>➢ Вклученост на учениците во изборот и планирањето на |

| | | |
|---|---|---|
| | | работата во вонаставните активности<br>➢ Афирмирање на учениците и училиштето преку вонаставни активности |

## Подрачје бр.1 Наставни планови и програми

| Извор на податоци и документи за увид | 1.1 Реализација на наставните планови и програми |
|---|---|
| -Наставни планови и програми донесени од МОН и БРО<br>-Дневни планирања на наставници<br>-Годишна програма за работа на училиштето;<br>-Тематски планирања на наствниците;<br>-Нормативни акти на училиштето;<br>-Педагошка евиденција и доументација;<br>-Анкети со наставници,родители и ученици;<br>-Интервјуа со директор,стручни соработници;<br>-Записници од Училишен одбор,Совет на родители и стручните органи на училиштето; | Наставниот процес во ООУ.,,Кочо Рацин,,-Петровец се реализира согласно наставниот план за деветгодишно основно образование.Наставните планови и програми се реализираат според пропишаниот обем на БРО и МОН. Во учебната 2020/21 –програмите беа скратени поради пандемијата со вирусот КОВИД-19.Поради пандемијата наставата во учебната 2020/21 за учениците од прво до третто одделение се изведува со физичко присуство ,а од четврто до деветто од далечина ,преку апликацијата Microsoft Teams,каде сите наставници и ученици добија кориснички имиња.<br>Во подрачното училиште во Катланово наставата е целосно со физичко присуство.Во подрачното училиште во Огњанци наставата за учениците од прво до трето одделение на македонски наставен јазик и на албански наставен јазик се изведува со физичко присуство, за учениците од четврто и петто одделение на македонски наставен јазик се изведува на платформата Microsoft Teams, а за учениците од четврто до деветто одделение на албански наставен јазик наставата се изведува со печатени матријали и консултативни средби.<br>Наставните програми на македонски и албански наставен јазик ги реализираат наставници со соодветно образование. Наставата по физичко и здравствено образование во прво и второ одделение ја изведува предметен наставник.<br>При реализација на наставните програми се применуваат разновидни форми и методи,современи стратегии за учење,различни наставни средства и технички помагала.<br>По наставните предмети математика ,природни науки,биологија ,хемија и физика наставата се реализира според превземените и одобрените програми од Меѓународниот центар за наставни програми(Cambridge International Examination Centre), кои се адаптирани од БРО и утврдени од МОН.Содржините во голем број наставни програми овозможуваат меѓуетничка интеграција во образованието<br><br>Во распоредот на редовни часови,вметнати се и часови за додатна и дополнителна настава по секој предмет.Истата редовно се одржува и часовите се запишуват во дневниците на паралелките.Сите наставници имаат планирања за додатна и дополнителна настава.<br>Наставните планови и програми им се достапни на наставниците,родителите и учениците.Училиштето ги информира родителите и учениците за наставните планови и програми,со посебен осврт на изборните предмети.Наставните |

| | |
|---|---|
| -Интернет страницата на училиштето;<br>-Записник од одделенските совети;<br><br>-Фотографии во дигитална форма;<br>-Програма за соработка со локална средина;<br>-Годишен извештај на училиштето;<br>-Дневници на паралелките;<br>-Записници од одделенските совети;<br>-Записници од Наставнички совет;<br>-Записници од родителски средби;<br>-Документ за избор на наставни предмети | планови и програми се достапни и се наоѓаат кај стручната служба.<br><br>Родителите се запознаваат со наставните планови и програми на родителски средби,Совет на родители и Училишен одбор.Учениците се запознаваат на почетокот на учебната година со наставниот план и програма за секој наставен предмет од страна на одделенскиот и предметниот наставник.<br>Наставниците и родителите воглавно се задоволни од целите,обемот и содржините на наставните планови и програми<br><br>Училиштето ги прилагодува наставните програми според можностите на децата со посебни образовни потреби.Во училиштето се идентификувани ученици со посебни образовни потреби.Со наод има 2 ученици со посебни образовни потреби.<br>Наставниците кои им предаваат на овие ученици имаат изработено прилагодени програми (ИОП).Индивидуалните образовни програми ги изработуваат одделенските и предметните наставници во соработка со стручна служба(психолог и педагог ) и родителот.<br><br>Училиштето има воспоставено процедура за избор на наставни предмети.Постапката за избор на наставни предмети се применува во целост,со доследно почитување на потребите и барањата на учениците.Училиштето нуди можност,преку анкетирање, учениците да изберат предмет или подрачје кое сакаат да го изучуват.Изборот на наставните предмети учениците го вршат според своите афинитети.Според насоките дадени од МОН, при избор на изборни предмети,психологот изработува анкетни листови во кои се понудени повеќе од 3 изборни предмети,освен за одделенска настава затоа што според наставниот план на МОН се нудат само два предмети.<br><br>Во училиштето се организираат слободни ученички активности-секции и секој наставник има предвидено активности за слободни ученички активности кои се реализираат во текот на учебната година.Истите ги задоволуваат интересите и потребите на учениците.<br><br>Наставниците во своите планирања имаат вметнато еко содржини според точките на акција.Тимот одговорен за интеграција на еколошка едукација има изработено план на активности.<br><br>Училиштето спроведува постапка за реализација на проширена програма.Училиштето организира прифаќање и заштита на учениците еден час пред започнување на редовната настава и еден час по завршувањето на редовната настава.Училиштето организира продолжен престој за ученици од прво,второ и трето одделение по добиена согласност од Министерството за образование и наука.Во продолжениот престој учениците ги подготвуваат домашните задачи или исполнуваат други слични училишни задолженија,учествуваат во различни активности од спорт или музичката и ликовната уметност,се натпреваруваат и забавуваат.Училиштето поседува соодветна документација за проширена програма за одделни подрачја. |

| | |
|---|---|
| | |
| **Извори на податоци** | **1.2 Квалитет на наставните планови и програми** |
| -Записници од стручните активи;<br>-Писма,покани за семинари,брошури;<br>-Педагошка евиденција и документација;<br>-Наставни планови и програми од МОН;<br>- Дневници на паралелките;<br>-Годишна програма за работа на училиштето;<br>-Програма за здравствено воспитание на учениците;<br>-Програма за работа на педагошко-психолошката служба;<br>-Годишен извештај на училиштето;<br>-Годишна програма за работа на Детска организација;<br>-Фотографии од одржани приредби;<br>-Планирања на наставниците; | Во годишната програма има програма за мултиетничка интеграција.Одделенските и предметните наставници одржуваат часови со теми од меѓуетничка интеграција во образованието и се спроведуваат заеднички активности со нашето подрачно училиште од с.Огњанци.Активностите со меѓуетничка интеграција се одвиваат на часовите по животни вештини како и по сите други предмети преку работилници во кои се вклучени сите ученици од прво до деветто одделение.Програмата нуди активности преку кои учениците соработуваат ,се запознаваат,се прифаќаат и се учат на почитување на различностите и толеранција.Најголем број од наставниците се обучени и сертифицирани за реализација на проектот за меѓуетничка интеграција и во содржините на секој наставен предмет имаат планирано МИО активности.<br><br>Во планирањата на наставниците е застапена родова и етничка рамноправност и сензитивност на мултикултурализам.<br><br>Училиштето ги интегрира карактеристиките на локалната средина во наставните програми.На пример во наставната програма по одделни предмети се обработуваат содржини кои се однесуваат на значајни датуми,личности или места од општината,се посетуваат театарски и кино претстави,се учествува во различни акции од јавен интерес,еколошки акции,спортски натпревари,културни манифестации организирани од општината.Постои посебна програма за соработка со локалната средина во рамките на Годишната програма.<br><br>Наставниците во своите планирања имаат интегрирано меѓупредметни цели-корелација со други предмети.Училиштето има разработено насоки за инегрирање на општите(меѓупредметни) цели во сите наставни програми(развивање на самодоверба,иницијативност,одговорност,почитување на различноста и основните човекови права и јакнење на свеста на учениците за припадност на својата земја како мултикултурно општество.<br><br>Наставните планови и програми го помагаат личниот и општествениот развој на машките и женските ученици од различно етничко потекло,опфаќајки тематика како што е на пример раководење ,соработка ,договарање, самодоверба и разрешување на конфликти.Овие теми се обработуваат на часовите по граѓанско образование,одделенските часови и други наставни предмети во кои истите можат да се интегрираат. |

| Извори на податоци | 1.3 Воннаставни активности |
|---|---|
| -Записник од одделенските совети;<br>-Годишна програма за работа;<br>-Програми за дополнителна и додатна настава и воннаставни активности;<br>-Педагошка евиденција и документација;<br>-Дипломи,признанија, пофалници од учество на манифестации и натпревари;<br>-Анкети со наставниците, родителите,учениците и стручната служба за воннаставни активности;<br>-Записници од стручни активи;<br>-Годишен извештај на училиштето;<br>-Ученички катчиња/паноа;<br>- Социјална интернет страна | Училиштето планира и реализира разновидни воннаставни активности во кои ги вклучува сите ученици.Овие активности ги одразуваат потребите и интересите на учениците и служат за поддршка на нивниот личен и социјален развој.<br>Се организираат дополнителна и додатна настава,слободни ученички активности по сите предмети,екскурзии,посети,набљудувања,приредби,општествено-корисна работа,заштита и унапредување на здравјето на учениците и културата на живеењето и општествено-културна дејност.<br>Наставниците редовно ги евидентираат реализираните воннаставни активности и определени тимови изготвуваат посебни извештаи.<br>Исто така во училиштето функционира Детска организација.Секоја година се одбележува Детската недела,се чита Конвенцијата за правата на децата,се организира пригодна приредба по повод Детската недела.Во текот на Детската недела првачињата свечено стануваат членови во Детската организација.<br>Во рамките на производствена и друга општокорисна работа се организираат собирни акции во храна и облека, хуманитарни акции,еко активности,хепенинзи.Ученичките екскурзии се планираат и изведуваат според правилник.<br>Психологот успешно реализираше советување на ученици и родители во пандемија,советување за пубертет,работилница за стрес,а додека пак педагогот успешно го организираше Отворениот ден по граѓанско образование,работилници поврзани со Ученичкиот парламент,Едукативни работилници за ХИВ и здрава храна,Правата и одговорностите на децата,Запознавање со кодексот на однесување на учениците при премин од одделенска во предметна настава и тн.<br>Во рамките на грижа за здравјето на учениците се реализираат систематски прегледи,вакцини,залевање заби во соработка со Здравствен дом-Петровец и поликлиника Автокоманда.Се организираат здравствени предавања и осигурување.<br>Учениците се анкетираат за додатна настава и слободни ученички активности кои се организираат по сите предмети.Учениците ги избираат според своите афинитети и интереси.Учениците покажуваат голем интерес за учество на конкурси и натпревари каде постигнуваат солидни резултати.<br>Афирмацијата на училиштето се врши преку освоени награди на натпревари,квизови, учество на ТВ емисии...<br>Училиштето има ученички катчиња како и своја FACEBOOK страна, кои се користат како средства за афирмирање на воннаставните активности и продуктите од нив.Учениците се вклучуваат во воннаставните активности по сопствен избор. |

**Клучни јаки страни:**

- Целосна и доследна примена на наставните планови и програми одобрени од МОН;
- Годишните и тематските планирања и програми по сите предмети содржински се квалитетно сработени
- Примена на современи методи и техники за успешна реализација на наставните содржини
- Постои заемна соработка на ниво на стручни активи
- Успешно интегрирање на еколошка едукација во наставните планови и програми од страна на наставниците;
- Целосна примена на постапката за избор на изборни наставни предмети;
- Планирање и реализирање разновидни вонаставни активности кои ги одразуваат потребите и интересите на учениците;

## Подрачје бр. 2 Постигања на учениците

Оддели во рамките на подрачјето:

2.1. Постигања на учениците

2.2. Задржување/осипување на учениците

2.3. Повторување на учениците

3.6 Известување за напредокот на учениците

4.4 Следење на напредокот

| 5.2 Промовирање на постигањата |
| --- |
| |

| Прегледани документи | Собрани податоци |
|---|---|
| Дневници на паралелките од учебните  20019/20 и  2020/21 год.<br><br>Годишен извештај за успехот и постигнатите резултати на училиштето во учебната 2019/20 и 2020/21 год.<br><br>Споредбени анализи за успехот на учениците<br>Наставни програми<br>Развоен план на училиштето<br>Извештаи од стручните соработници<br>Записници од стручни органи на училиштето ( Училишен Одбор, Совет на родители)<br>Самоевалуација на училиштето<br>Досиеја на учениците<br>Програма за дополнителна настава | Училиштето располага со податоци за постигањата на учениците по сите наставни предмети за сите квалификациони периоди. Направени се споредби на средниот успех, поведението и изостаноците во наведените учебни години.<br><br>Постигањата според полот се следат врз основа на позитивни / негативни оцени, одлични, многу добри, добри, доволни.<br><br>Етничката припадност не се појавува како варијабла кај постигањата на учениците по наставни предмети, но средниот успех на учениците  се проследува и според еничката припадност. Средниот успех на крајот на учебната година во изминатите две учебни години е : во 2019/20 – македонски наставен јазик-3.98, -   Албански наставен јазик – 3,46 , На ниво на цело училиште -3,72, а во  2020/21 - македонски наставен јазик-3,88, -    Албански наставен јазик – 3,55, На ниво на цело училиште -3,71<br><br>Училиштето промовира уверување дека постигањата на сите ученици може да се подобрат и организира дополнителна, додатна настава и слободни активности. Секој наставник на почетокот на учебната година изготвува годишна програма  за овие форми на настава. На ниво на предметна настава се изработува распоред за реализација на овие програми , според планираниот  број на додатни, дополнителни часови и часови за слободни активности во рамките на една паралелка. Еден од двата приоритети на Годишната програма за работа на училиштето за учебната 2019/2020 година е подобрување на квалитетот на додатната и дополнителната настава. За дополнитената настава изготвени се и посебни известувања до родителите на учениците кај кои се воочени потешкотии во совладувањето на матријалот по поедини предмети. Во рамките на активностите за подобрување на постигањата на учениците, од учебната 2019/2020 година, родителите на учениците кои имаат три и повеќе слаби се повикуваат на советување кај психологот на училиштето. Така, покрај непосредно, учениците и индиректно добиваат совети како поефикасно да учат и поуспешно да го совладаат материјалот.<br>Исто така, редовната настава во континуитет се унапредува со нови  проекти, техники и методи на работа<br><br>Констатации од добиените податоци од извршената споредба на успехот на учениците според полот во учебната 2019/2020 се следните: |

| Одделение | Женски | Машки |
|---|---|---|
| IV | **4,58** | **4,16** |
| V | **4,42** | **4,19** |
| VI | **4,05** | **3,59** |
| VII | **4,30** | **3,65** |
| VIII | **3,26** | **3,00** |
| IX | **3,55** | **3,25** |
| **Успех** | **4,02** | **3,55** |

Учениците со потешкотии во учењето, се идентификуваат при следење на нивните постигања во текот на учебната година од страна на наставниците и консултации со стручните соработници.Учениците со посебни образовни потреби се идентификуваат при запишувањето во прво одделение преку набљудување и разговор со детето, како и информативно-консултативен разговор со неговите родители, за што се приложува и медицинска потврда ( наод и мислење) од компетентни институции.

Групата деца со кои работи стручниот тим се формира врз основа на наод / мислење од Центарот за ментално здравје, при што се наведува и видот на попреченост. Наодите се земаат во предвид и кога се изготвува долгорочен, среднорочен и краткорочен оперативен план за работа со овие деца или се работи со диференциран пристап.
Постигањата на децата во овој случај се вреднуваат согласно индивидуалниот оперативен план и целите во диференцираниот пристап. Се поттикнува инивидуален напредок според индивидуалните способности на овие ученици.
Надарени ученици се идентификуваат преку опсервација на наставникот на часот Во училиштето не се врши интерно тестирање во вистинска смисла на зборот, но се прават тестирања во форма на интерни на ниво на одделенија. како би се селектирале најдобрите ученици кои ќе учествуваат на организираните натпревари.
Училиштето не ги следи постигањата на учениците при преминот од основно во средно образование. Во училиштето се испраќа известување во кои средни училишта нашите ученици го продолжиле своето образование, но не и информации за нивните постигања во средното образование.

Училиштето добива списоци со училишни обврзници од МВР пред да започне запишувањето на учениците во прво одделение и има изградена политика за опфат на сите ученици.

Училиштето ги опфаќа децата кои живеат или привремено престојуваат во реонот на

| | |
|---|---|
| Програми за работа на училиштето<br>Дневници на паралелките од учебните 2019/20, 2020/21<br>Годишен извештај за успехот и постигнатите резултати на училиштето во учебните 2019/20 и 2020/21 год.<br>Список на деца за упис во прво одделение според реонизација од МВР<br>Евидентни листови за разговори со учениците од стручните соработници<br>Извештаи од стручните соработници<br>Книга за евиденција на заминати и новодојдени ученици | училиштето, односно населените места: Петровец, Ржаничино, Ќојлија, Огњанци и Катланово. Пред започнување на упсиот во прво одделение училиштето истакнува соопштение и ги информира предучилишните установи од реонот за започнувањето на уписот и потребната документација.<br>Систематски се следи редовноста на учениците преку евидентирање на отсуствата во дневниците на паралелката , на крајот на прво и трето тромесечие, на полугодие и на крај на учебната година и со истите ги запознава Одделенскиот, Наставничкиот и Советот на родители;<br>Се анализираат причините за отсуства, се применува интерниот правилник за изрекување педагошки мерки ( за учениците кои имаат над 10 неоправдани и над 100 оправдани изостаноци), а родителите на овие ученици се повикуваат на советување.<br>Во врска со ова не постои диференцијација според полот, етничка припадност и социјално потекло ;<br>Редовноста за учебната 2019/20 год. изнесува<br><br>**2019/20** |

| ЦЕНТРАЛНО | КАТЛАНОВО | ОГЊАНЦИ | ВКУПНО | |
|---|---|---|---|---|
| 1086 | 419 | 320 | 1815 | **Оправдани** |
| 318 | 103 | 111 | 532 | **Неоправдани** |
| 1404 | 522 | 431 | 2347 | **ВКУПНО** |

, а учебната 2020/21 година изнесува

**2020/21**

| ЦЕНТРАЛНО | КАТЛАНОВО | ОГЊАНЦИ | ВКУПНО | |
|---|---|---|---|---|
| 550 | 250 | 483 | 1283 | **Оправдани** |
| 211 | 190 | 263 | 664 | **Неоправдани** |
| 761 | 440 | 746 | 1957 | **ВКУПНО** |

Се почитува постапката за преминување од едно во друго училиште со барање од страна на родителот, добивање согласност од училиштето кое го прифаќа ученикот , се издава преведница, евидентен лист за успехот на ученикот , мислење за ученикот и ученичка легитимација од страна на училиштето кое го испишува ученикот.Учениците кои се запишуваат и испишуваат во и од училиштето се евидентираат во дневникот на паралелката и матичната

| | |
|---|---|
| | книга.<br>Во учебната 2019/20 год. во друго училиште преминале 2 ученика , а новодојдени се 7 ученика , додека во учебната 2020/21 год., се отпишале 1 девојчиња и 1 момче. Преминот во друго училиште е документирано со преводница, а запишано е и во дневник и во матична книга; |
| Годишен извештај за успехот и постигнатите резултати на училиштето во учебната 2019/20 и 2020/21 год.<br>Анализа на успехот на учениците во последните три години | -УЧЕНИЦИ КОИ ПОВТОРУВАЛЕ.<br>**2019/20**<br>ПОЛ / ЖЕНСКИ / МАШКИ<br>ЦЕНТРАЛНО / / / /<br>ОГЊАНЦИ / / / /<br>ВКУПНО / / / /<br>**2020/21**<br>ПОЛ / ЖЕНСКИ / МАШКИ<br>ЦЕНТРАЛНО / 2 / 2<br>ОГЊНЦИ / / / /<br>КАТЛАНОВО / 2 / 2<br>ВКУПНО / 4 / 4<br>Доколку некој ученик ја повторува годината, неговиот родител согласно членот 72 од Законот за основно образование има право да поднесе приговор до Наставничкиот Совет. |
| Дневници на паралелките<br>Е дневник<br>Известување на родителите преку смс пораки<br>Евиденција на наставници за остварени средби и соработки со родители<br>Интерни акти и кодекси на училиштето<br>Инструменти за следење и вреднување на наставниот час и дневните подготовки на наставниците | Наставниците редовно ги следат постигањата на учениците и транспарентно ги информираат родителите и учениците за успехот со насоки за подобрување наистиот. За напредокот и постигнатите резултати учениците се информираат од одделенските раководители и предметните наставници, писмено и усмено, а родителите добиваат известување при индивидуални и општи родителски средби како и по електронски пат ( Е дневник) и преку смс пораки. На крајот на секој класификационен период одделенските наставници и одделенските раководители изготвуваат евидентни листи со информации за успехот и поведението на учениците од прво до осмо одделение. Учениците од прво до трето одделение описно се оценуваат, додека од четврто до шесто одделение деветгодишно образование се оценуваат описно на крајот на прво тримесечие, крајот на прво полугодие и трето тримесечие, а на крај на учебната година-бројчано како и учениците од седмо,до деветто одделение. Евидентните листи содржат и информации за социјализацискиот развој на учениците. Од родителите се бара да дадат повратни информации по кои се превземаат соодветни активности за подобрување на |

Нested tables from the second row:

**2019/20**

| ПОЛ | ЖЕНСКИ | МАШКИ |
|---|---|---|
| ЦЕНТРАЛНО | / | / |
| ОГЊАНЦИ | / | / |
| ВКУПНО | / | / |

**2020/21**

| ПОЛ | ЖЕНСКИ | МАШКИ |
|---|---|---|
| ЦЕНТРАЛНО | 2 | 2 |
| ОГЊНЦИ | / | / |
| КАТЛАНОВО | 2 | 2 |
| ВКУПНО | 4 | 4 |

| | |
|---|---|
| Бележници на наставниците<br>Записници од родителски средби<br>Евидентни листи за успехот и однесувањето на учениците<br>Ученичка легитимација<br>Свидетелства | успехот и постигањата на учениците. |
| Полугодишни и годишни извештаи на<br>Училиштето<br>Дневници на паралелките<br>Записници од Одделенски и Наставнички совети<br>Записници од состаноци на Училишен одбор и Советот на родители<br>Записници од состаноци на Стручните активи<br>Евиденција и документација на стручните соработници<br>Анализи и извештаи за успехот и однесувањето на секој класификационен период<br>Книга за евиденција на новодојдени и заминати ученици | Напредокот, односно постигањата на учениците редовно се следат преку одржаните одделенски и наставнички совети. Присутноста, односно редовноста на учениците континуирано се следи и евидентира од страна на предметните и одделенските наставници и стручните соработници. За учениците кои неоправдано отсуствуваат од настава се применуваат, односно изрекуваат соодветни педагошки мерки.<br>Родителите на учениците кои имаат намален успех во учењето, нередовно ја посетуваат наствата или несоодветно се однесувааат се поканувaат на советување од страна на одделенските наставници и раководители, а советувањето го спроведува психологот на училиштето.<br>Евиденцијата за напредокот и редовноста на учениците е достапна за сите заинтересирани целни групи.<br>За истото тие се информираат од извештаите на одделенските и наставничките совети, а учениците и родителите на одделенските часови, односно на одржаните родителски средби, отворени денови и приемни денови на наставниците индивидуално, од состаноците на Ученичката заедница, електронскиот дневник, СМС пораки.<br>Наставниците водат евиденција за постигањата, редовноста и поведението на секој ученик/ученичка во електронскиот дневник, дневникот на паралелката, евидентните листови на секое тримесечие, свидетелства, како и за нивниот интелектуален, социјален и емоционален развој (од прво до трето одд. деветгодишно образование). Во евиденцијата се внесуваат и податоци за напредокот на ученикот/ученичката што се добиени како резултат на проценка направена од страна на наставниците во соработка со стручните спораработници и родителите на ученикот/ученичката. Постои ефективна соработка меѓу раководниот кадар, стручните соработници, одделенските/предметните наставници и родителите во интерес на напредокот на учениците.<br>Наставниците и стручните соработници подготвуваат редовни извештаи и анализи на крајот на секој класификационен период, по паралелки и наставни предмети, на ниво на одделенија, по пол и етничка припадност и прават споредбени анализи за три учебни години.<br>На учениците кои преминуваат во друго училиште им се издава преведница со печат и потпис од одделенскиот раководител и директорот заведена во Деловникот на училиштето и ученичка книшка, писмена согласност за префрлување во друго училиште, согласност за прифаќање од другото училиште како и мислење за ученикот. |
| Книга за евиденција на | Училиштето посветува особено внимание на личните постигањата на учениците и тоа им го |

| | |
|---|---|
| новодојдени и заминати ученици<br><br>Анализи на успехот на учениците<br>Пофалници и дипломи<br>Извештаи за учество на натпревари, изложби, ТВ емисии | овозможува , како преку редовната настава, така и преку воннаставните активности.Преку веб страната на училиштето, како и преку соработка со медиумите, културни установи и институции, преку учество на литературни читања, ликовни изложби и хепенинзи, спортски натпревари, квизови, музички настапи итн. училиштето не само што ги промовира личните постигања на учениците, туку и постигањата во име на училиштето. Училиштето креира политика за поттикнување на наставниците и учениците за што поголемо учество на натпревари на локално, регионално и државно ниво.<br>Училиштето редовно ги промовира своите постигања преку учество во контактно-училишната емисија “Голем одмор” на МРТВ<br>Училиштето има развиен систем на наградување на учениците и нивните ментори .На крајот на секоја учебна година се организира свеченост на која учениците кои што постигнале или освоиле високи рзултати на организирани натпревари на знаења или на натпревари од воннаставни активности и нивните наставници ментори се наградуваат со пофалници и дипломи. |

| Методи кои се користени за собирање на податоци | Одговорни во собирање на информации | Собрани информации |
|---|---|---|
| Прашалник за родителите | Назми Малоку<br>Блерта Бајрами<br>Светлана Томиќ<br>Бојана Спасевска Кузевска<br>Виолета Јакимовски | Направена е анализата на прашалниците кои ги потполнуваа 30 родители и ученици при што беа опфатени централното и двете подрачни училишта во с. Катланово и с. Огњанци. Прашалникот пополнија и 20 наставници.<br>**Изјаснувањата на родителите** во врска со првото тврдење од прашалникот за тоа колку знаењата на учениците се интерпредметно поврзувани и уцврстувани дури 92% веруваат дека тоа е многу значајно. Наспроти присутноста на ваквото знаење го потврдуваат како целосно точно 85% и 15 % мислат дека тоа е делумно точно.<br>И второто тврдење за квалитет на знаење без додатни часови кај нивните деца го перцепираат како многу важно но дека тоа е и актуелната состојба за 68% не е точно одн делумно присатно поради состојбата со ковид 19.<br>Третиот исказ е во врска со важноста на мотивиање и давање помош на учениците од страна на наставникот. Овде процентите говорат дека тоа е посакувана состојба 100% а е реализирана делумно 15% и целосно 85% , што говори сепак за напорите на наставниците да ги мотивираат своите ученици во рамките на онлине наставата поради ковид 19.<br>Следните тврдења од прашалникот бр. 4,5 и 6 се во врска со сегнментото воннаставни активности часови по додатна настава. Одговорите на родителите за овој сегмент од наставната програма на училиштето имаат поделени очекувања. Имено 21 % сметаат дека вонннаставните и додатни |

| | | |
|---|---|---|
| | | активности се значајни но не многу. Сепак за реализацијата повеќето 83% велат дека истите се присатни во нашето училиште.<br>**На прашалникот за ученици** беше анализирано мислењето за горе наведените тврдења со мали измени.<br>Без да се анализираат бројките општ впечаток е дека на сите тврдења учениците ги восприемаат како многу значајни. Во однос на точноста на истите одн. присатноста во реалност има мали разлики.<br>Така на пример на ставката број 3 за тоа колку се запознаени со воннаставните активности има ученици (19 % ) кои се делумно запознаени со воннаставните активности.<br>Најиндикативни се одговорите кои се однесуваат на работата на секциите во училиштето . Дури 34% од учениците за застапеноста на секциите велат дека тоа е само делумно точно а 17% дека тврдењето е неточно .<br>За тврдењето дека часовите по додатна настава им помага за збогатување и усовршување на знаењата позитивно се изкажале високи 96% .<br>Шестата ставка од прашалникот се однесува мотивирање на учениците за учество на натпревари . Мал број ( 5% ) сметаат дека тоа воопшто не е присатно како однос на наставниците.<br>На прашањето дали се почитуваат правилата на однесување во училиштето сите одговориле позитивно.<br>Последната ставка 9 се однесува на однос кон природата и животната средина. Овде имаме 100% изјави и за важноста и за реалниот позитивен однос кон животната средина и зачувување на природата.<br><br>**Од анкетираните 20 наставници** на тврдењето дека знаењата стекнати во училиштето им се од помош на учениците во нивното осамостојување и иницијативност, 28% сметаат дека тоа е делумно точно и 14% дека тоа не а актуелната состојба. Останатите 58% велат дека тоа е така во целост.<br>За оспособеноста за поврзување на знаењета интерпредметно 48% сметаат дека тоа е така само делумно . Заедно со оние кои мислат дека тоа воопшто не е така се над 50% и заслужува подлабока анализа.<br>Дека наставниците ги советуваат своите ученици да се приклучат на некоја од воннаставните активности позитивен одговор дале 57,5% а останатите 42,5% сметаат дека тоа е неточно или делумно присутно.<br>За употребата на разни методи и техники на работа со учениците 64% а останатите 36% велат дека во својата работа ретко или воопшто не се служат со техники и менување на методите на работа.<br>На ставката број 6 а поврзана со охрабрување на учениците да поставуваат прашања, високи 83% се изјасниле позитивно.<br>Тврдењето дека учениците се упатуваа на додатна литература е сосема |

| | | |
|---|---|---|
| | | присатно како појава кај 81% од наставниците а делумно 19%.<br>Интересно е дека на тврдењето за поттикнување на креативно мислење дури 96% одговориле дека е тоа присатно во нивната работа.<br>На крајот само мал дел од наставниците 13% изјавиле дека делумно е точно и присатно учењето за почитување и негување на традицијат и културата на својот и другите народи и држави. |

| Резултати: |
| --- |
| Клучни јаки страни<br><br>Во училиштето се врши евиденција на неоправданото отсуство од наставата<br>Сите ученици независно од полот, етничка припадност и социјално потекло се еднакво подложни на воспитување од училиштето<br>Училиштето не бележи алармантни показатели за осипување на ученици.<br>По завршувањето на секој класификационен период се врши споредување на успехот, во однос на предходниот квартал како и со соодветниот квартал од минатите години.<br>Постои соработка со родителите, стручните соработници и Заводот за ментално здравје во работата со децата со посебни потреби<br>Постои изградена политика на опфат на учениците и за тоа се преземаат соодветни активности<br>Се следи и евидентира напредокот на учениците и редовно се информираат родителите за постигањата на своите деца<br>Активно се учествува на натпревари и конкурси и се постигнуваат солидни резултати<br>Во училиштето постои тенденција кај наставниците да го развиваат ктитичкото мислење кај уичениците.<br>Учениците имаат висока еколошка свест која се негува и развива низ работата на наставниците по сите предмети . |
| Слабости<br>Постои простор за поголем опфат на ученици на кои би им се овозможило да ги развиваат своите потенцијали и дополнителна настава за учениците кои послабо напредуваат во наставата.<br>Активно вклучување во работата на секциите.(активирање на секциите)<br>Интерактивна настава со акцент на поврзување на знаењата од сродни наставни предмети. |

| Анализа на резултатите: |
|---|
| Училиштето располага со податоци за постигањата на учениците по сите наставни предмети за сите квалификациони периоди. Направени се споредби на средниот успех, поведението и изостаноците во наведените учебни години.<br>Училиштето промовира уверување дека постигањата на сите ученици може да се подобрат и организира дополнителна, додатна настава и слободни активности.<br>Стручниот тим ( психолог и педагог) за работа со учениците со потешкотии во учењето, а и оние со посебни образовни потреби, е надополнет со дефектолог. Постигањата на децата во овој случај се вреднуваат согласно индивидуалниот оперативен план и целите во изготвените оперативни планови за работа со овие ученици.<br>Надарени ученици се идентификуваат преку опсервација на наставникот на часот и со посебни идентификациони листи.<br>Во училиштето не се врши интерно тестирање во вистинска смисла на зборот, но се прават тестирања во форма на интерни натпревари по различни предмети на ниво на генерација.<br>Училиштето има податоци за опфатот на учениците од реонот, истакнува соопштение за почетокот и условите за уписот, ги посетува градинките во својот реон;<br>Систематски се следи редовноста на учениците, се применува интерен протокол за повикување родители и се врши советување на родителите. Не постои диференцијација според полот, етничка припадност и социјално потекло за изостаноците. Се почитува постапката за преминување од едно училиште во друго. Нема осипување на ученици во последните 3 години.<br>Во учебната 2019/2020 нема ученици кои повторувале, а во учебната 2020/2021 вкупно повторувале 8 ученици од кои четворица ученици се од централното училиште и четворица ученици повторувале во подрачното училиште во Катланово.<br>Наставниците редовно прибираат информации за постигањата на учениците преку кои даваат транспарентна информација на родителите и учениците за оценката со детални препораки за подобрување на постигањата на ученикот.<br>Се води евиденција за постигањата, редовноста и поведението на секој ученик/ученичка во електронскиот дневник, дневникот на паралелката, евидентните листови на секое тромесечие, свидетелства, како и за неговиот/нејзиниот интелектуален, социјален и емоционален развој (од прво до трето одд. деветгодишно образование). Во евиденцијата се внесуваат и податоци за напредокот на ученикот/ученичката што се добиени како резултат на проценка направена од страна на наставниците во соработка со стручните соработници и родителите на ученикот/ученичката.<br>Личните постигања на учениците се промовираат преку соработка со јавните гласила, културни установи, учество на литературни читања, ликовни изложби, натпревари, квизови, музички настапи. |
| Приоритети:<br>Да се обезбеди ефективно работење на секциите во училиштето<br>Да се спроведува додатната настава и работа со талентирани и надарени ученици. |

## **Подрачје бр.3** **Организација и реализација на наставата и учењето**

Оддели во рамките на подрачјето:

1.1. Реализација на наставните  планови и програми

1.2. Квалитет на наставните планови и програми

1.3. Воннаставни активности

3.1. Планирање на наставниците

3.2. Наставен процес

3.4. Задоволување на потребите на учениците

3.5. Оценувањето како дел од наставата

Теодора Стојмановска - координатор:
Емилија Ковилоска
Владимир Никчевски
Марјан Јанев
Амет Незири

## Подрачје бр.3 Организација и реализација на наставата и учењето

| Прегледани документи | Собрани податоци |
|---|---|
| Наставни планови и програми<br>Годишна програма за работа на училиштето<br>Тематски планирања<br>Статут на училиштето<br>Прилагодени наставни програми за деца со посебни образовни потреби<br>Записници од спроведени анкети за изборни предмети и проширена програма<br>Записници од Наставнички Совет, Училишен Одбор, Совет на родители, Ученичка заедница.<br>Брошури и интернет страница на училиштето | Воспитно –образовната дејност во основното училиште опфаќа настава што се организира и изведува според наставни планови и програми.<br>Училиштето целосно ги реализира наставните планови и програми одобрени од МОН. Наставниците ги изработуваат сите годишни перспективни,тематско-процесни и дневни подготовки за предметите од задолжителна настава,изборни предмети ,час на ученичка заедница,како и дополнителна и додатна настава и слободни ученички активности.<br>Во реализацијата на наставата нема битни разлики во однос на наставните програми добиени од БРО .<br>Родителите и учениците на почетокот на учебната година се запознаваат со наставните планови и програми преку веб страната на БРО и училиштето , преку однапред изготвени брошури од училиштето кои ги добиваат на секој почеток на учебната година,е-дневникот.<br>Во училиштето успешно се спроведува инклузивно образование за учениците со посебни образовни потреби и учениците кои имаат потешкотии во учењето. Со ваквото образование се опфатени 2 ученика. За учениците со посебни образовни потреби наставниците изготвуваат долгорочни, среднорочни и индивидуални образовни планови. За учениците кои имаат потешкотии во учењето, наставните содржини се прилагодуваат според нивните способности и при тоа се применува диференцирани пристап на работа.<br>Училиштето дава можност преку анкетирање учениците да се определуваат за изборните предмети кои ќе ги изучуваат следната учебна година, согласно нивните потреби и интереси. При тоа се почитува наставниот план, како и просторните и кадровски потенцијали на училиштето. Таков избор вршат учениците од одделенска настава од трето до петто одделение и предметна настава од шесто до деветто одделение .<br>Согласно наставните планови и програми во училиштето се планираат и реализираат часови за слободни ученички активности како и се имплементираат содржини и активности од проектите кои се спроведуваат во училиштето ( Проект за еколошка едукација во Македонскиот образовен систем, Проект за меѓуетничка интеграција во образованието, Математика со размислување и Јазична писменост во почетните одделенија) .<br>Родителите по пат на анкетирање имаат можност да се изјаснат за потребата од прифаќање на нивните деца еден час пред и еден час по редовна настава, односно потреба за реализација на проширена програма.. Досега од страна на родителите не е побарано реализација на ваква програма бидејќи во училиштето се организирана дневен престој за учениците од I –III одделение. |
| Наставни планови и програми | Со цел изготвување поквалитетни и посовремени наставни планови и програми наставниците |

| | |
|---|---|
| Годишна програма за работа на училиштето<br>Тематски планирања<br>Статут на училиштето<br>Прилагодени наставни програми за деца со посебни образовни потреби<br>Записници од спроведени анкети за изборни предмети и проширена програма<br>Записници од Наставнички Совет, Училишен Одбор, Совет на родители, Ученичка заедница.<br>Брошури и интернет страница на училиштето | редовно посетуваат семинари, едукативни работилници , стручни предавања, трибини, научни конференции.<br>Содржините во наставните планови и програми,а особено во предметот „Образование за животни вештини“ целосно го поттикнуваат развивањето на емоционалниот, личниот и социјалниот развој на учениците од различна родова и етничка припадност, како и со вештини кои им користат во другите наставни предмети и во секојдневниот живот.<br>Покрај ова родовата и етничката рамноправност,како и мултикултурната сензитивност се во фокусот на активностите кои се спроведуваат во нашето училиште во рамките на проектот за Меѓуетничка интеграција во образованието. Дел од активностите се реализираат во рамките на редовната настава преку интегрирање на наставните содржини, одржување работилници на часовите на одделенската заедница, активности со Ученичката заедница, Локалната средина и партнер училиштето во кое наставата се изведува на друг наставен јазик.<br>При реализирањето на наставните програми училиштето ги следи приориотетите на општината и имплементира содржини и активности поврзани со културата и традицијата на локалната средина.<br>При планирањето на наставните содржини во училиштето се поставуваат и цели кои се однесуваат на развивање и јакнење на еколошката свест кај учениците, почитување на различностите како и се поттикнува и развивањето на претприемничките вештини.<br>Стручните активи во училиштето редовно се состануваат и дискутираат за потребите на наставниците поврзани со наставните планови и програми донесени од БРО. Сите мислења, ставови и предлози донесени на стучните активи се испраќаат до Министерството за образование и наука и Биро за развој на образованието. |
| Годишна програма за работа на училиштето<br>Одделенски дневници<br>Признанија и пофалници<br>Фотографии и видео записи<br>Изработки од ученици<br>Изработени портфолија | Преку воннаставните активности учениците се социјализираат, поттикнуваат на креативност, комуникација, толеранција, а со тоа се зголемуваат не само постигањата, туку и нивните претприемнички и други вештини.<br>Во повеќето од воннстваните активности се вклучени повеќето ученици.Не се прави разлика во вклучувањето на учениците во однос на полот, етничката припадност , социјалниот статус, како и нивните можности и способности .<br>Учениците имаат можности да се вклучат во воннаставните активности по сопствен избор.<br>Учениците своите постигања од воннаставните активности ги афирмираат преку учество на натпревари на општинско, регионално и државно ниво, како и со учество во детски емисии ( “Голем одмор“-МРТ_и во емисијата за деца на МРТ на албански јазик), квизотеки, детски списанија ( „Развигор“, “Наш свет“ и “Другарче“), каде ги претставуваат личните постигања, а воедно го афирмираат и училиштето. Исто така училиштето учествува и на ученички квизотеки, организирани од ДКЦ “Карпош“ - Скопје и натпревари на млади природници и техничари, организирани од Народна техника Учениците со своите наставници ментори учествуваа на натпревари по: математика, физика, биологија, музичко образование, хемија, географија. Беа |

| | |
|---|---|
| | освоени I, II и III место и за истите учениците и наставниците ментори добија дипломи и пофалници. Дипломите и пофалниците се истакнати на видно место во училиштето. |

| Прегледани документи | Собрани податоци |
| --- | --- |
| Наставни планови и програми<br>Годишна програма за работа на училиштето<br>Годишни и тематски планирања<br>Дневни подготовки<br>Записници од состаноци на стручни активи<br>Евиденција и извештаи од посетени семинари за професионалниот развој на наставниците<br>Евидентни листови -инструменти за следење на планирањето на наставниците<br>Инструмент за следење и евалуација на наставниот час.<br>Инструмент за следење и евалуација на дневните подготовки на наставникот за додатна и дополнителна настава.<br>План за размена на искуства со други училишта во рамките на ПМИО | Наставниците редовно изработуваат годишни и тематски наставни програми како и дневни подготовки кои ги содржат сите неопходни елементи за успешна организација и реализација на часот ( целите на час, очекувани исходи , диференцирани цели и исходи, наставни форми , методи и техники, инструменти,активности,ресурси, проверка на постигањата, рефлексија), кои континуирано ги следат директорот и стручните соработници на училиштето за што пополнуваат формулари со одредени индикатори, а од страна на директорот се даваат забелешки и насоки за понатамошна работа. Стручните соработници им даваат поддршка на наставниците при изработката на годишните, тематските и дневните планирања, како и при изготвување на програмите за децата со посебни образовни потреби.<br>При изготвување на своите програми наставниците ги користат сознанијата од средбите со советниците и размената на искуства од одржаните стручни активи, посети на семинари и соработката со основните училишта од општината и градот. Во училиштето постои редовно соработка меѓу наставниците од одделенските активи при што тие заеднички изготвуваат неделни и месечни оперативни планови. Наставниците изготвуваат долгорочни, среднорочни и индивидуални планови за деца со посебни образовни потреби во зависност од нивните способности со внесување на диференцирани цели во дневните планирања.<br>Во рамките на стручните активи наставниците посетуваат отворени и нагледни часови, дискутираат за актуелни и тековни програми и проектни активности и разменуваат искуства и идеи.Во планирањата редовно интегрираат содржини со примена на ИКТ, јазична писменост и математика со размислување, содржини и активности во рамнките на проектот за “Еколошка едукација во македонскиот образовен систем“, Наставниците редовно ја планираат и одржуваат додатната и дополнителната настава.Исто така пламираат и задаваат домашни задачи согласно даденото упатство од страна на БРО.<br>Во рамките на проектот за “Меѓуетничка интеграција во образованието, во училиштето се спроведуваат активности, како на ниво на училиште, така и активности во соработка со партнер училиштето.<br>Со цел унапредување на воспитно образовната работа редовно се разменуваат искуства преку соработка со други училишта на ниво на општина, држава..<br>Согласно потребите и можностите на учениците, просторните можности и услови на училиштето и според спецификата на одредени предмети се изготвува распоред на часови во консултациии со наставниците, директорот и стручните соработници. |
| Годишни , тематски и дневни подготовки<br>Записници од стручни активи | За реализација на наставната програма наставниците применуваат разновидни наставни форми, методи и техники на учење и поучување со цел активно учество на учениците во процесот на стекнување знаења, развивање критичко мислење, пртприемнички вештини, вештини за |

| | |
|---|---|
| Пополнети инструменти од посетени часови<br>Портфолија на наставниците<br>Инструмент за евалуација на наставниот час со сите аспекти (клима во паралелката, оценување на напредокот на учениците, комуникација на наставникот со учениците, изведба на наставен час, водење и тек на час)<br>Водење на педагошки картон<br>Инструмент за следење на педагошка евиденција и документација,(одделенски и матични книги)<br>Програма за работа на директорот и стручните соработници | соработка и комуникација и примена на стекнатите знаења во секојдневниот живот.Најчесто се користат следниве форми и методи на работа:фронтална, индивидуална, групна, работа во парови, метод на разговор, текст метод, практична работа, набљудување, експеримент.Од техниките најчесто користени се следниве,бура на идеи, техника грозд, венов дијаграм, коцка, петторед, квадрант...<br>Во наставата се овозможува секој ученик да напредува согласно индивидуалните можности и способности.За таа цел се применуваат индивидуализиран и диференциран пристап на работа со учениците.<br>Во училиштето сите училници се опремени со компјутери кои се функционално мрежно поврзани.Наставниците се обучени за примена на ИКТ во наставата и применуваат апликации и едукативни образовни софтвери (G-copris, Edubuntu, Intel Classmate PC-Web Quest со Writer и Impres, Зелен пакет јуниор...)<br>Планираните задачи за време на часовите како и домашните задачи се со различно ниво на сложеност и приспособени на индивидуалните образовни потреби на учениците при што на учениците им се овозможува да напредуваат со сопствено темпо. При реализирање на наставните часови и обработка на наставните содржини наставниците користат прирачници за работа, различни извори на знаење и дополнителна литература.<br>Наставата се реализира со примена на интерактивни методи кои поттикнуваат активно учество на учениците во наставниот процес.Учениците редовно добиваат повратна информација за нивните постигања од страна на наставникот.<br>При тоа преку формативно оценување наставниците го следат напредокот на учениците со што ја поттикнуваат и развиваат самодовербата кај нив.Односот меѓу наставниците и учениците е со взаемно почитување, соработка и разбирање без правење разлика меѓу учениците по пол , социјалното потекло, етничка и верска припадност.<br>Постои пропишана , интерна процедура за следење на наставниот процес со што секој наставник се посетува на час еднаш во полугодие од страна на директорот и стручните соработници кои преку своите инструменти (протоколи) го следат работењето на наставниците.<br>Стручните активи редовно се состануваат и разменуваат искуства од посетата на нагледни и отворени часови , како и од посетени семинари и обуки, со цел унапредување на наставата |
| Пофалници<br>Дипломи<br>Елаборати од истражувачки активности на учениците<br>Ученички портфолија<br>Програма за работа и извештаи од Ученичка заедница | Изработените литературни и ликовни творби од учениците се изложуваат во училиштето на паноа, а практичните изработки во витрините во училишните холови и кабинетите. Добиените награди и пофалници ги красат ѕидовите на училишните ходници. Училиштето учествува на сите литературни и ликовни конкурси и на повеќето од нив се освоени високи места, особено на регионално и државно ниво по математика, географија, биологија и англиски јазик. Преку активно вклучување на часот согласно таксономијата на Блум, преку примена на наученото, како и преку креативно и критичко мислење учениците не само што донесуваат заклучоци и искажуваат лични ставови и заклучоци во учењето, превземаат и лична одговорност. |

| | |
|---|---|
| Извештаи од учество на натпревари | Наставата се организира така што учениците се активни учесници во воспитно образовниот процес. Наставниците ги поттикнуваат , насочуваат и охрабруваат учениците самостојно да истражуваат и прибираат податоци од разни извори на стекнување на знаења, критички да размислуваат , решаваат проблеми и донесуват заклучоци.<br>Учениците сметаат дека можат слободно да го искажуваат своето мислење кое сериозно се зема во предвид при решавање на одредени проблеми преку редовните состаноци на Ученичката заедница во училиштето.Учениците се вклучуваат во работата на различни проекти и работилници во и надвор од наставата, при што работата во групи со различен состав и големина. |
| Одделенски дневник<br>Дневни подготовки<br>Записници од стручни активи<br>Контролни и писмени работи<br>Ученички портфолија<br>Евиденција од додатна и дополнителна настава<br>Тестови на општи и специфични способности | Во училиштето континуирано се следи напредокот и постигањата на учениците од страна на наставниците и стручните соработници и доколку се идентификуваат одредени потешкотии во процесот на учење се преземаат конкретни активности за нивно надминување. Во наставниот процес се почитуват индивидуалните потреби на учениците и согласно тоа се применуваат содветни наставни форми и методи на учење,се применува диференциран пристап на работа и се задаваат задачи со различно ниво на сложеност се со цел усвојување на наставните содржини од страна на учениците.<br>Според потребите и способностите на учениците се организира дополнителна и додатна настава како и слободни ученички активности за кои родителите се навремено информирани. |
| Програма за работа на училиштето<br>Правилник за оценување на напредокот на учениците<br>Интерен правилник за оценување<br>Усогласени стандарди и критериуми за оценување<br>Примери на оценети трудови на учениците<br>Контролни и писмени работи<br>Евидентни листови за успехот и поведението<br>Записници од стручни активи и наставнички совети<br>Етички кодекс за оценување прифатен од родителите, наставниците и ученици<br>Инструменти за следење на наставен час<br>Критериуми за оценување и | Училиштето има изготвено интерен правилник за оценување со усогласени стандарди и критериуми со кој учениците и родителите се целосно запознати.<br>Во училиштето е изготвен и прифатен Етички кодекс за оценување на постигањата на учениците од страна на наставниците, родителите и учениците, кој целосно се почитува.<br>Напредокот на учениците се следи преку формативно оценување со тоа што од прво до шесто одделение деветгодишно образование се евидентира описно,односно од прво до трето на секој класификационен период, а од четврто до шесто на крајот од прво и трето тримесечие. Учениците од четврто до осмо одделение се оценуваат бројчано на крајот на првото полугодие и на крај на учебната година преку усмени одговори, контролни и писмени работи. При кори<br>стењето на овие форми на оценување се почитуваат индивидуалните разлики и способности на учениците.<br>Напредокот на учениците е следен и од стручните соработници на училиштето кои соработуваат со наставниците и помагаат во изготвувањето на објективните тестови на знаења. Наставниците континуирано го следат и оценуваат напредокот на учениците преку различни методи и инструменти. Учениците се вклучени во оценувањето преку самооценување и меѓусебно оценување.<br>Наставниците континуирано дискутираат со учениците за нивниот напредок и постигањата во наставата.Тие целосно ги искористуваат информациите добиени од оценувањето за да го |

| | |
|---|---|
| стандарди за постигањата на учениците кои се усогласени на ниво на училиште | евалуираат и унапредат планирањето на наставата . |

| Методи кои се користени за собирање на податоци | Одговорни за собирање на информации | Собрани информации |
|---|---|---|
| ▪Прашалник за наставници | Теодора Стојмановска<br>Емилија Ковилоска<br>Владимир Никчевски<br>Марјан Јанев<br>Амет Незири | Анкетирани се вкупно 21 наставник<br>90,4% се согласуваат дека со нивните планови предвидуваат различни форми и методи на работа со цел учениците поефикасно да стекнат знаења и вештини, а 9,5%делумно се согласуваат.<br>• 61,9% се согласуваат дека со нивните планови на работа опфаќаат различни места на изведување на наставата кои се во функција на остварување на целите и задачите, а 38% делумно се согласуваат.<br>• 38% изготвуваат индивидуален план за ИОП, а 61,9 не изготвуваат.<br>• Кај 80.9% Писмените проверки се усогласени со проверките по другите предмети, додека кај 14,2 делумно се усогласени<br>• 80,9% ги постигнуваат пропишаните цели и задачи со нивните планови на работа а 19%делумно.<br>• Кај 80.9% подготовки за реализација на часот имаат јасна структура, кај 19%делумно.<br>• 80,9% за подготовка на час користат интернет и други извори, 19%делумно<br>• 95,2% се согласуваат дека кога се подготвуваат за час ги имаат предвид разликите помеѓу учениците во напредувањето, знаењето и искуството, а делумно 4,7%<br>• 85,7% се согласуваат дека предобработката на ново градиво ја проверуваат колку учениците го совладале претходното, а 14,2% делумно се согласуваат<br>• 90,4% изработуваат наставни средства кои ги користат на час, делумно се согласуваат 9,2%<br>• 95,2% . Настојуваат јасно и правилно да се изразуваат за време на час, а делумно 4,7%<br>• 90,4% Проверуваат дали учениците ги разбрале нивните прашања и |

| | | |
|---|---|---|
| | | упатства а 9,5%делумно<br>• 95,2% ги охрабруваат учениците да ги изнесуваат своите мислења а 4,7%делумно<br>• 95,2% На учениците им оставаат време да размислат после поставеното прашање, а делумно 4,7%<br>• 90,4% Поттикнуваат солидарност и одговорност во групната работа, а делумно 9,5%<br>• 85,7% Ги потикнуваат учениците заеднички да доаѓаат до решенија на поставените задачи,а 14,2%делумно. |
| ▪Прашалник за ученици | Теодора Стојмановска<br>Емилија Ковилоска<br>Владимир Никчевски<br>Марјан Јанев<br>Амет Незири | Анкетирани се вкупно 40 ученици<br>• 67,5% се согласуваат  дека наставниците користат најразлични форми и методи за да го поттикнат  интересот за учење, делумно 32,5% и 2,5% не се согласуваат.<br>• 92,5% се согласуваат дека редовно се известени  за  успехот , редовност и поведение, 10%делумно, 2,5 не се согласуваат<br>• 82,5% се согласуваат дека оценувањето на работата е правилно и ги поттикнува да се подобрат во учењето, делумно се согласуваат 12,5% не се согласуваат 5%<br>• 65% се согласуваат дека наставата во училиштето ги задоволува нивните образовни потреби, делумно се согласуваат 32,5% и не се согласуваат 2,5%<br>• 80% се согласуваат дека часовите се интерактивни-има комуникација меѓу наставник и ученик, делумно 20%.<br>• 90% се согласуваат дека во училиштето се изложуваат нивните изработки, подеднакво од машки и женски ученици, сите етнички групи и ученици со разлучни способности за учење, делумно се согласуваат 10%. |
| ▪Прашалник за родители | Теодора Стојмановска<br>Емилија Ковилоска<br>Владимир Никчевски<br>Марјан Јанев<br>Амет Незири | Анкетирани се 40 родители<br>• 62,5%се согласуваат дека учениците се охрабруваат самостојно да размислуваат и активно да се вклучат во наставата, делумно се согласуваат 7,5% а 2,5% не се согласуваат.<br>• 80%се согласуваат дека наставниците ги почитуваат индивидуалните карактеристики на учениците, 12,5% делумно се согласуваат и 2,5% не се согласуваат.<br>• 62,5% се согласуваат дека се води грижа за учениците со потешкотии во |

| | | |
|---|---|---|
| | | учењето, делумно се согласуваат 30% и 5% не се согласуваат.<br>• 77% се согласуваат дека оценувањето на учениците е објективно а делумно се се согласуваат 13%<br>• 90%се согласуваат дека се добро информирани за постигањата на своето дете, 5% делумно се согласуваат и 5% не се согласуваат.<br>• 72,5% се согласуваат дека училиштето одговара на нивните прашања за напредокот на детето, 27,5% делумно се согласуваат. |
| ▪Интервју со стручните соработници | Теодора Стојмановска | Следењето и вреднувањето на наставата се изведува утврдено со законот преку посета на часови и со користење на инструменти за следење и вреднување на наставниот час, како и инструмент за вреднување на планирањата на наставниците. Наставниците изготвуваат годишно планирање за додатна настава и истите ги доставуваат на увид кај стручната служба. Слободните ученички активности се евидентираат во одделенските дневници на наставниците. Сите активности кои се реализираат во училиштето се евидентирани во слики и видеа кои се објавени на страната на училиштето и на социјалната мрежа. За да можат да ги задоволат потребите на учениците на наставниците им се дава поддршка преку организирање на семинари, обуки, десиминации, материјално-технички средства, стручни предавања од психолог и педагог.<br>Наставниците применуваат методи на учење, активности по нивоа, почитувајќи ги различните ученички способности и примена на ИКТ. Поддршката на наставниците се постигнува со стручно усовршување и обука преку посета на семинари, стручни предавања, отворени часови итн. |

Резултати:

**Клучни јаки страни**

- Во училиштето редовно се изработуваат наставни планови и програми, како и тематски, месечни и дневни планирања;
- Редовно се одржуваат состаноци на стручни активи во училиштето;
- Во училиштето успешно се спроведува инклузивно образование за ученици со посебни образовни потреби и ученици кои имаат потешкотии во учењето;
- Училиштето дава можност преку анкетирање учениците да се определуваат за изборните предмети кои ќе ги изучуваат следната учебна година, согласно нивните потреби и интереси;
- Во наставните содржини се имплементираат и активности од проектите кои се спроведуваат во училиштето ( Проект за еколошка едукација во Македонскиот образовен систем, Проект за меѓуетничка интеграција во образованието, Математика со размислување и Јазична писменост во почетните одделенија...);
- При оценувањето се користат стандарди и критериуми за оценување со кои се информирани и самите родители;
- Родителите редовно се информираат за животот и работата во училиштето преку Училишен одбор, Совет на родители, Веб страната на училиштето, родителски средби, преку Е- дневник , СМС пораки ;
- Во наставата редовно се користи информациско комуникациска технологија согласно наставните содржини и се применуваат апликации и едукативни образовни софтвери ( G-copris, Edubuntu, Intel Classmate PC-Web Quest со Writer и Impres, Зелен пакет јуниор...);
- Наставниците навремено ги информираат родителите за организирање на часови за додатна и дополнителна настава;
- Постигањата на учениците од наставните и воннаставните активности се афирмираат преку учество на натпревари на општинско, регионално и државно ниво, како и со учество во детски емисии ,квизотеки и детски списанија;

**Слабости**

- Недоволна опременост на училиштето со наставни средства и помагала, како и со стручна литература за наставниците;
- Недоволна опременост на училиштето со ИКТ технологија;
- Наставниците имаат потреба од обука за работа со деца со посебни образовни потреби;
- Употреба на поголем број методи и форми на оценување со цел пообјективно вреднување на постигањата на учениците;
- Учениците имаат потреба од насоки за поефикасно учење на наставните содржини
- Спроведување на поголем број активности кои ќе придонесат за развивање претприемнички вештини кај учениците

| Анализа на резултатите: |
|---|
| Училиштето целосно ги реализира наставните планови и програми одобрени од МОН. Наставниците ги изработуваат сите годишни перспективни,тематско-процесни и дневни подготовки за предметите од задолжителна настава,изборни предмети, час на ученичка заедница,како и дополнителна и додатна настава и слободни ученички активности. Во училиштето успешно се спроведува инклузивно образование за учениците со посебни образовни потреби и учениците кои имаат потешкотии во учењето. Училиштето дава можност преку анкетирање учениците да се определуваат за изборните предмети кои ќе ги изучуваат следната учебна година, согласно нивните потреби и интереси. Согласно наставните планови и програми во училиштето се планираат и реализираат часови за слободни ученички активности како и се имплементираат содржини и активности од проектите кои се спроведуваат во училиштето ( Проект за еколошка едукација во Македонскиот образовен систем, Проект за меѓуетничка интеграција во образованието, Математика со размислување и Јазична писменост во почетните одделенија) . Родителите и учениците на почетокот на учебната година се запознаваат со наставните планови и програми преку веб страната на БРО и училиштето , преку однапред изготвени брошури од училиштето кои ги добиваат на секој почеток на учебната година,е-дневникот.<br>При реализирањето на наставните програми училиштето ги следи приориотетите на општината и имплементира содржини и активности поврзани со културата и традицијата на локалната средина. Односот меѓу наставниците и учениците е со взаемно почитување, соработка и разбирање без правење разлика меѓу учениците по пол , социјалното потекло, етничка и верска припадност.<br>Преку воннаставните активности учениците се социјализираат, поттикнуваат на креативност, комуникација, толеранција, а со тоа се зголемуваат не само постигањата, туку и нивните претприемнички и други вештини. Учениците своите постигања од воннаставните активности ги афирмираат преку учество на натпревари на општинско, регионално и државно ниво, како и со учество во детски емисии ,квизотеки, детски списанија.<br>Наставниците редовно интегрираат содржини со примена на ИКТ, јазична писменост и математика со размислување, содржини и активности во рамките на проектот за “Еколошка едукација во македонскиот образовен систем“.Со цел унапредување на воспитно образовната работа редовно се разменуваат искуства преку соработка со други училишта на ниво на општина, држава, како и на меѓународно ниво .<br>Наставницте најчесто ги користат следниве форми и методи на работа:фронтална, индивидуална, групна, работа во парови, метод на разговор, текст метод, практична работа, набљудување, експеримент.Од техниките најчесто користени се следниве,бура на идеи, техника грозд, венов дијаграм, коцка, петторед, квадрант...Во наставата се овозможува секој ученик да напредува согласно индивидуалните можности и способности. Наставниците се обучени за примена на ИКТ во наставата и применуваат апликации и едукативни образовни софтвери (G-copris, Edubuntu, Intel Classmate PC-Web Quest со Writer и Impres, Зелен пакет јуниор...).Во училиштето постои пропишана , интерна процедура за следење на наставниот процес со што секој наставник се посетува на час еднаш во полугодие од страна на директорот и стручните соработници кои преку своите инструменти (протоколи) го следат работењето на наставниците. Училиштето учествува на сите литературни и ликовни конкурси и на повеќето од нив се освоени високи места, особено на регионално и државно ниво по математика и англиски јазик.<br>Напредокот на учениците е следен и од стручните соработници на училиштето кои соработуваат со наставниците и помагаат во |

| |
|---|
| изготвувањето на објективните тестови на знаења. |
| Приоритетни подподрачја<br>▪ Обезбедување средства за потребните нагледни средства и помагала, како и стручна литература за наставниците;<br>▪ Потреба од дополнителна едукација на наставниците за работа со деца со посебни образовни потреби<br>▪ Потреба од опрема на наставниците со компјутери. |

## Подрачје бр.4 Поддршка на учениците

| **Број на индикатор за квалитет** | **ТЕМИ** |
|---|---|
| **4.1 Севкупна грижа за учениците** | 4.1.1 Заштита од физички повреди и елементарни непогоди<br>4.1.2 Превенција од насилство<br>4.1.3 Заштита од пушење, алкохол и дрога<br>4.1.4 Квалитет на достапна храна<br>4.1.5 Поддршка на учениците со пречки во развојот/физичка попреченост<br>4.1.6 Грижа за учениците од социјално загрозени семејства |
| **4.2 Здравје** | 4.2.1 Хигиена и заштита од болести<br>4.2.2 Грижа за учениците со здравствени проблеми<br>4.2.3 Грижа за учениците со емоционални тешкотии |
| **4.3 Советодавна помош за понатамошно образование научениците** | 4.3.1 Давање помош при избор на занимањето/институцијата понатамошно образование, доусовршување или вработување<br>4.3.2 Грижа за учениците со емоционални тешкотии |
| **4.4 Следење на напредокот** | 4.4.1 Водење евиденција за индивидуалниот напредок на учениците<br>4.4.2 Анализа на напредокот на учениците по паралелки |

| Работна група |
| --- |
| 1. Зорица Здравковска-координатор<br>2. Сузана Тодоровска<br>3. Саније Бакиевска<br>4. Соња Митровиќ<br>5. Александар Јованов |

| 4.1 Севкупна грижа за учениците | | |
| --- | --- | --- |
| **Документи кои се прегледани** | **Теми** | **Кои информации се собрани** |
| **Правилник и план за заштита и спасување од елементарни непогоди;**<br>**Потврди за обучен кадар за прва помош;**<br><br>**Списоци за осигурување на учениците ;**<br><br>**Куќен ред на училиштето;**<br><br>**Кодекс за однесување во училиштето за вработените,ученици** | **4.1.1 Заштита од физички повреди и елементарни непогоди**<br><br>Самоевалуацијата на училиштето е спроведена во услови на пандемија- КОВИД 19.<br>Училишниот простор е безбеден за изведување на наставата.<br>Училиштето има пропишано мерки (куќен ред) за активности и безбедност на учениците и вработените во текот на работниот ден во училишната зграда и училишниот двор. Секое одделение има истакнато Кодекс на однесување на учениците. Училиштето има пишан документ (Кодекс на однесување на учениците и наставниците) во кој се дефинирани сите форми на однесување на децата и возрасните. Документот е достапен за сите вработени во училиштето, учениците и родителите. Училиштето има интерен акт за постапување при елементарни непогоди. Со истиот се запознаени сите вработени и ученици и согласно правилникот би постапиле во случај на елементарна непогода. Исто така училиштето е опремено со прибор за прва помош, кој би се употребил доколку би дошло до повредана на некој од учениците. Во училиштето има поставено апарати за против-пожарна заштита. Се одржуваат предавања за заштита од разни елементарни непогоди како земјотреси, поплави, пожар и др. Се реализираат редовни дежурства од страна на наставниците на влезната врата и во ходниците за време на одморите. Во училиштето има сертифициран обучен кадар за давање прва помош на учениците при несреќни случаи во училиштето. Училиштето има интерен акт со шеми за движење и за постапување во случај на елементарни непогоди. Училиштето најмалку еднаш годишно изведува симулација.<br>Училишниот објект, училишната опрема, вработените и учениците се осигурани. Нашето | |

| | |
|---|---|
| **те и родителите;**<br><br>**Програма на тимот за намалување на насилството во училиштето;**<br><br>**Прирачници од граѓанско обраование**<br><br>**Програма од Образование за животни вештини;**<br><br>**Одделенски дневници;**<br><br>**Предавања и работилници од педагог, психолог, специјален едукатор и рехабилитатор;**<br><br>**Извештаи од работата на стручната служба;**<br><br>**Плакати за забрана за пушење и алкохол;** | училиште има обезбедено постојано обезбедување во текот на целиот ден.<br><br>**4.1.2 Превенција од насилство**<br><br>Вработените ја знаат својата улога и одговорност во процесот на заштита на децата грижејќи се за нивните права, приватност и достоинство. Училиштето има програми и протокол како пишан документ во  кој се дефинирани сите облици на насилство како што се психичко/ емоционално, физичко насилство, сексуално насилство, булинг, електронско насилство, семејно насилство. Училиштето ги координира активностите за заштита и безбедност на учениците со институциите на локалната заедница и ги запознава жртвите на насилство со нивните права и процедури за поднесување поплаки, а во случај на поплака училиштето постапува навремено и непристрасно. Наставниците и стручната служба секојдневно на часовите и надвор од нив работат на подобрувањето на училишната клима и односите помеѓу учениците. Училиштето исто така има донесено кодекс за однесување во кој строго е забранет некоректен однос помеѓу учениците. Училиштето води евиденција за појавните форми на насилство. Во училиштето се постапува според протоколот за секој облик на насилство, манифестиран од страна на возрасните и учениците и навремено се известува и соработува со Центрите за социјални работи, Министерството за внатрешни работи и Здравствените установи доколку има потреба.<br>Исто така тука се и Конвенцијата за Правата на Децата и Одредбата од законот каде што се забранува секаков облик на насилство и часовите предвидени во годишните програми на наставниците.<br>**4.1.3.Заштита од пушење, алкохол и дрога**<br><br>Училиштето има политика за забрана на пушење, конзумирање алкохол, дистрибуција и употреба на наркотични средства кое подразбира дека во училиштето не се пуши, не се конзумира алкохол, не се дистрибуираат и користат наркотични супстанци. Во прилог на сето ова во просториите на училиштето се истакнати плакати за забрана и штетност од пушење, |

| | |
|---|---|
| **Учество во кампања за здрава храна;**<br><br>**Список на социјално загрозени ученици;**<br><br>**Извештаи за донациии хуманитарна помош.** | алкохол и употреба на наркотични средства. Истото до сега не е забележано како појава. Стручната служба одржува предавања и презентира пропаганден материјал за штетноста од конзумирање на цигари, алкохол и дрога за да им ги предочи на учениците последиците од овие пороци. Училиштето има пишани процедури за постапување при прекршување на политиките за забрани.<br>Одделенските раководители посветуваат по неколку одделенски часови на овие теми во тек на учебната година. Исто така се одбележуваат сите денови на глобално ниво за борба против овие пороци со соодветни предавања од страна на учениците и наставниците според календарот за одбележување на овие денови. Во училиштето на оваа тема се реализираат предавања од страна на претставници – волонтери на општинската организација на Црвен Крст (се одржуваат on-line).<br>**4.1.4 Квалитет на достапна храна**<br><br>Во рамките на предметот „Вештини за живеење " се одржуваат практични часови за подготовка на здрава храна. Согласно Еко-програмата во сите одделенија учениците реализираат активности за здрава храна со цел подигање на свеста за поголема грижа за своето здравје.<br><br>**4.1.5 Поддршка на учениците со телесни пречки во развојот/физичка попреченост**<br><br>Во нашето училиште во моментов имаме еден ученик со телесни пречки во развојот. Училиштето нема пропишани процедури за грижа на учениците со телесни пречки. Пристапот во училиштето е делумно прилагоден на потребите на учениците со телесни пречки воразвојот.<br><br>**4.1.6 Грижа за ученици од социјално загрозени семејства**<br><br>Училиштето води грижа за учениците кои потекнуваат од социјално загрозени семејства преку:<br>- обезбедување материјални средства за нормално следење на наставата;<br>- изготвување список на социјално загрозени ученици кој се наоѓа кај педагогот на училиштето;<br>- се соработува со родителите, локалната заедница и со други соодветни институции (центар за социјална работа, хуманитарни организации и друго.)<br><br>Училиштето изнаоѓа методи да им помогне на учениците од социјално загрозени семејства, со тоа што им ги покрива трошоците за ужинка од сопствени извори или во соработка со набавувачот и при учеството во воннаставните активности (екскурзии,приредби,натпревари). |

<table>
<tr><td></td><td colspan="2"></td></tr>
<tr><td colspan="3">4.2 Здравје</td></tr>
<tr><th>Прегледа<br>ни<br>докумени</th><th>Теми</th><th>Собрани информации</th></tr>
<tr><td>Записници за хигиена од санитарна инспекција;<br><br>Правила и кодекс за одржување лична хигиена во КОВИД услови;<br><br>Правила и кодекс за одржување хигиена во КОВИД услови;<br><br>Програма за Превенција од заразни болести;<br><br>Плакати;</td><td colspan="2">4.2.1 Хигиена и заштита одболести<br><br>Во училиштето редовно се вршат контроли на хигиената од страна на овластена санитарна инспекција. Преку записниците од соодветната служба се доаѓа до сознанија за хигиената во училиштето дека е на задоволнително ниво. Ходниците, скалите, подот во училниците и останатиот училиштен простор се чистат  во денот. Дворот на училиштето е чист со поставени корпи за отпадоци. Ходниците и скалите се чистат најмалку два пати во денот, подот и мебелот во училниците се чистат пред почетокот на секоја смена, останатиот училишен простор барем еднаш во текот на денот, а прозорците, вратите и другиот инвенатар најмалку по два пати во секое полугодие. Дворот на училиштето е чисто од секаков вид отпадоци за време на наставата и дел од земјените површини се позеленети и редовно се одржуваат. Во дворот на училиштето во секоја училница и во ходниците има корпи за отпадоци и училиштето се грижи учениците да ги фрлаат отпадоците во нив.Секојдневно се прават ЕКО патроли од страна на учениците. Училиштето има програма за превенција од заразни болести. Училиштето за превенција од заразни болести има изготвено и поставено на соодветни места (во холовите и тоалетите) плакати за одржување на личната хигиена на учениците. Училиштето соработува и со здравствените установи со цел на време да се откријат и заштитат некои заболувања и физички деформитети на учениците.</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| • Училиштето во Петровец, како и во подрачните места во Огњанци и во Катланово, се наоѓаат на добро видлива и физичка локација.<br><br>• Училиштето обезбедува стручно усовршување на наставниот кадар.<br><br>• Условите за работа се многу подобрени во изминатите години.<br><br>• Училиштето во Петровец, Огњанци и Катланово обезбедува редовни систематски прегледи и вакцинација на учениците.<br><br>• Учениците во централното училиште во Петровец и во подрачните училишта во Огњанци и Катланово се чувствуваат безбедно и добредојдено во училишните згради.<br><br>• Во изготвувањето на кодексот на училиштето учествуваат сите структури во училиштето во Петровец, Огњанци и Катланово.<br><br>• Педагошките мерки правилно се применуваат во случај на прекршување на принципите и правилата.<br><br>• Во училиштето постои меѓусебна почит меѓу вработените.<br><br>• Наставниците и учениците учествуваат на разни манифестации за промовирање на постигањата на учениците.<br><br>• Наставниците ги почитуваат и постапуваат подеднакво кон сите ученици без разлика на нивната родова, етничка и верска припадност и во централното и во двете подрачни училишта.<br><br>• Наставниците создаваат пријатна атмосфера на часот, и по електронски пат – онлајн и во наставата со физичко присуство и во услови на пандемија, секако со почитување на сите мерки за заштита од Ковид, според протоколот, им помагаат на учениците да се дружат, да си помагаат меѓусебе и го почитуваат мислењето на учениците при решавање на проблемите на паралелката.<br><br>• Постои добра соработка меѓу наставниците, стручните соработници, родителите и директорот. |

| |
|---|
| • Наставниците континуирано ги следат, поддржуваат и стимулираат постигањата на учениците, им пружаат дополнителна помош и им помагаат да се дружат меѓусебе.<br><br>• Наставниците ги запознаваат и информираат учениците и родителите со нивните права и истите да ги практикуваат.<br><br>• Учениците независно на нивниот пол, етничка припадност, социјален статус како и оние со посебни потреби имаат поеднакви права и одговорности.<br><br>• Во училиштето се организираат наставни и воннаставни активности меѓу културно/јазични мешани групи, со почитување на протоколот во време на пандемија.<br><br>• Училиштето планира активности за да ги поттикне родителите и локалната заедница да се вклучат во наставниот процес.<br><br>• Наставниците/одд. раководители редовно се во контакт со родителите секогаш кога е потребно и редовно ги информираат за постигањата на учениците преку организирање на индивидуални родителски средби и приемни денови, по електронски пат – онлајн и со физичко присуство, почитувајчи ги мерките за заштита од Ковид, според протоколот.<br><br>• Директорот ги сослушува идеите, мислењата и сугестиите на учениците и родителите.<br><br>• Директорот активно се стреми за создавање на позитивна училишна клима на меѓусебна доверба и почитување на учениците, наставниците, родителите и локалната заедница. |

| **СЛАБИ СТРАНИ** |
|---|
| • Да се подобри интернетот, образовни софтвери и да се обезбедат компјутери или лаптопи, дигитални паметни уреди, проектори, смарт табли, аудиовизуелни средства и.т.н. за сите наставници и во секоја училница. |

| **АНАЛИЗА НА РЕЗУЛТАТИТЕ: ЕВАЛУАЦИЈА НА ПОДРАЧЈЕ** |
|---|
| Од извршената анализа на спроведените анкети за наставници, родители и ученици може да се заклучи дека училиштето ужива добар углед кој се манифестира преку добро видлива и физичка локација, професионално раководство, стручно усовршување на наставниците и успех кај учениците. Условите за работа се подобрени преку целосно обновување на |

училишниот инвентар во новото централно училиште и обновување на училишниот инвентар во реновираните подрачни училишни згради во Огњанци и Катланово. Хигиената е на задоволително ниво.

Училиштето има кодекс на однесување со кој се поставени принципите на однесување на сите структури но делумно се почитуваат. Во училиштето во Петровец, Огњанци и Катланово постои добра професионална соработка меѓу раководниот, наставниот кадар и родителите. Раководниот и наставниот кадар постојано се грижат за безбедноста на учениците. За прекршување на правилата и нормите на сите структури се превземаат педагошки мерки според Правилникот за педагошки мерки за основно образование.

Училишните проблеми во училиштето се решаваат преку добро воспоставена соработка меѓу учениците, одделенските раководители, наставниците и стручните соработници. Наставниците постојано им даваат можност на учениците да партиципираат во решавање на проблеми и донесување одлуки со цел да се побуди одговорност, совесност кај учениците.

Училиштето има изградено систем за вреднување на личните постигања на учениците преку изложување на трудови, паноа со пофалби, награди во училиштето, учество на разни натпревари, конкурси, изложби, ликовни колонии и др. јавни настани и манифестации.

Во училиштето се организираат работилници, предавање на кои учениците стекнуваат информации за нивните права.

Вработените во училиштето ги почитуваат и постапуваат подеднакво кон сите ученици без разлика на нивната родова, етничка и верска припадност.

Училиштето организира активности за вклучување на родителите во училишниот живот и употребува разни методи за комуникација со родителите преку организирање индивидуални родителски средби, приемни денови и др. Родителите несебично и активно се вклучуваат во сите аспекти во работата на училиштето како што : учество на разни манифестации организирани од страна на училиштето, локалната заедница.

На состаноците на УО директорот секогаш присуствува и донесените одлуки на УО во целост ги спроведува. Директорот навреме го информира УО за превземање на сите активности, збиднувања и промени во училиштето.

Според анализирана документација училиштето има добра соработка со локалната заедница , невладиониот сектор и деловната заедница кој резултира со добиени спонзорства и донации.

**ИДНИ АКТИВНОСТИ – ПРИОРИТЕТИ**

| |
|---|
| • Подобрување на интернетот и обезбедување на сите потребни уреди во училниците за правилно изведување на наставата. |

## Подрачје бр.6 РЕСУРСИ

| **Извори на податоци** | **6.1 Сместување и просторни капацитети** |
|---|---|
| Интервју со директор<br><br>Годишна програма на училиштето за работа во учебната 2020/21 година<br><br>Непосреден увид | **Искористеност на просторните капацитети**<br><br>На територијата на Општина Петровец-Скопје е сместено училиштето ,,Кочо Рацин“ кое го сочинуваат централното училиште во Петровец и подрачните училишта во Огњанци и Катланово.<br><br>Централното училиште изградено е во 2015 г. кое е тврда градба и претставува модерна и современа училишна зграда кое што овозможува квалитетна реализација на наставата. Училиштето располага со 25 училници и 6 кабинети и канцеларии со вкупна површина од 3 000 квадратни метри. Во училишниот двор има изградено нова современа фискултурна спортска сала. Просторните услови во целост ги исполнуваат потребите на училиштето според бројот на учениците.<br><br>Училиштето располага со 40 000 квадратни метри дворно место во кое се наоѓа асфалтирано спортско игралиште, а изградени се и две тениски игралишта.<br><br>Во подрачното училиште во с.Огњанци училишната зграда е од тврда градба изградена 1947г. Во 1998г. е извршана доградба на две училници, а во 2008г. е извршено комплетно реновирање на објектот. И ова училиште располага со асфалтирано спортско игралиште.<br><br>Подрачното училиште во с.Катланово е од тврда градба и е изградено во 1947г. Реновирано е во |

| | |
|---|---|
| Анкетен прашалник | 2002г. и 2011г. и истото ги задоволува потребите во однос на бројот на ученици. Во дворот има асфалтирано спортско игралиште.. Изградена е нова фискултурна сала 2019 г.<br><br>Училиштето располага со висок степен на искористеност на просторните капацитети во централното училиште, во ПУ Огњанци има потреба од проширување на капацитетите со две училници и спортска сала.<br><br>**Анализа на резултатите од спроведена анкета за наставници, ученици и родители**<br><br><br><br><br>Од спроведеното истражување што се однсуваше на просторните услови и искористеност на просторните капацитети се констатира дека 77% од испитаниците целосно се согласуваат дека училишниот простор, вклучувајќи ја и салата за физичко образование и училишниот двор, ги |

| | |
|---|---|
| | исполнува условите за изведување на настава според Нормативот.<br><br>98% од испитаниците целосно се согласуваат дека училишната зграда и простор се пристапни за сите. |
| **Извори на податоци** | **6.2 Наставни средства и материјали** |
| Непосреден увид во документацијата на училиштето за набавување на стручна литература и наставни помагала<br><br>Увид во документацијата за планирани и набавени потрошни материјали | **Опременост со стручна литература и наставни средства и помагала**<br><br>Училиштето постојано се обновува и надополнува со нагледни средства. Стручната и училишна литература постојано се обновува и надополнува.<br><br>Со ова се поттикнуваат наставниците да користат стручна литература од библиотека. ._Стручната литература со која е опремено училиштето е наменета за наставниците и стручната служба.Училиштето располага со прирачници, енциклопедии, речници и друга литература.<br><br>Нагледните средства и помагала во училиштето континуирано се набавуваат и истите ги задоволуват потребите на наставниците. Нагледните средства и помагала редовно се користат во наставниот процес и придонесуваат за изведување на активна настава и подобрување на знаењата на учениците.<br>Училштето располага со повеќе видови на електронски апарати како што се: фотокопир,печатач, фотоапарат, касетофони, ТВ приемник, СМАРТ табла и друго со што се задоволени потребите за |

| | |
|---|---|
| | работа во училиштето. |
| Увид во библиотечната евиденција | Училиштето располага со дополнителни нагледи средства потребни за одржување на наставата по одделни предмети: шестари, линијари, агломери, географски карти, микроскопи, хемиски инструменти и сл. |
| Развоен план на училиштето | Училиштето ги утврдува потребите за наставни средства и помагала, вклучувајќи книги, материјали за практична работа, аудиовизуелна и ИКТ опрема, и континуирано ги обновува за да соодветствуваат на<br>современите наставни текови. |
| Интервју со директор<br><br>Анкетен прашалник | <br><br>Од спроведеното истражување што се однесувашена опременост со стручна литература и наставни средства и помагала се констатира дека 35% од испитаниците делулно се согласуваат дека училиштето ги утврдува потребите за наставни средства и помагала, вклучувајќи книги, материјали за практична работа, аудиовизуелна и ИКТ опрема, и континуирано ги обновува за да соодветствуваат на современите наставни текови.<br><br>72% од испитаниците целосно се согласуваат дека наставниците и учениците знаат кои наставни средства и материјали им се на располагање и ефективно и ефикасно ги користат во наставата и во учењето<br><br>9% од испитаниците не се согласуваат дека наставниците и учениците имаат пристап до интернет.<br><br>**Училишна библиотека**<br><br>Училишната библиотека располага со голем број на книги од сите жанрови, стручна литература за наставниците, списанија и енциклопедии. Училиштето располага со разновидна литература и |

| | |
|---|---|
| | наставни средства.<br>Според евиденцијата училиштето располага со вкупно 12 389 книги, од кои 1 946 се лектири, 248 стручни книги и 5062 се други жанрови.<br>389 од книгите се на англиски јазик, 36 на албански јазик, 23 на турски јазик, 4 680 на српски јазик и 5 книги на руски јазик.<br>Библиотечна евиденција се води во интерна книга.Библиотеката е добро уредена и располага со компјутер и пристап до интернет. Библиотеката е творена за користење од страна на учениците и наставниците во текот на целиот училиштен ден.<br><br>**Потрошен материјал**<br>Училиштето планира и навремено обезбедува потрошен материјал за потребите на наставниците.<br>Во централното и во двете подрачни училишта постојано има обезбдено тонер за фотокопирање и печатење на материјали за работа. Се обезбедуваат листови во боја и хамери за изготвување на плакати и нагледни средства. |

| **Извор на податоци и документи за увид** | **6.3 Персонал** |
|---|---|
| Список на вработен наставен кадар во училишето<br><br>Правилник за систематизација<br><br>Лични досиеја на вработените.<br><br>Норматив за наставен кадар од наставните планови и програми<br><br>Интервју со директор<br>Интервју со секеретар<br><br>Интервју со педагог-психолог<br><br>Програма за работа на раководниот тим на училиштето | **Вкупен број на вработени во училиштето:**<br><br>Според правилникот за систематизација во училиштето има: еден директор, еден психолог, еден педагог, еден секретар, еден сметководител, десет хигиеничари, еден домаќин, еден хаусмајстор, еден чувар и педесет и едва наставници. Од вкупно 52 наставници со Висока стручна подготовка се 50, со Виша стручна подготовка 2 и 3 магистри. Наставниот кадар е групиран во два стручни активи ( еден во одделенска и еден во предметна настава). Има обезбедено доволен број на вработени и соодветен наставен кадар.<br><br>Работата на наставниците соодветно е подржана од страна на стручната служба и административнотехнички персонал. Училиштето има пропишано процедура за реализација на приправнички стаж за наставник – приправник.<br><br>Присуството на персоналот секојдневно се евидентира електронски за вработените во централното училиште. За вработените од подрачните училишта се води евиденција во писмена форма.<br><br>**Ефективност и распоредување на кадарот**<br><br>Наставниот кадар има соодветна стручна подготовка според Нормативот за наставен кадар, за секое работно место. Досиеја за вработени стојат во документацијата кај секретарот и по потреба се дополнуваат и ажурираат.Од интервјуто со директорот на училиштето може да се заклучи дека како најважен критериум за вработување на наставник е исполнување на условите согласно Нормативот за наставен кадар . Директорот констатира дека сите наставници ги исполнуваат условите предвидени со Законот за основно образование. При распределбата на часови, директорот внимава таа да биде рамномерна, сите наставници да добијат полн фонд на часови, а распределбата на работните задача се прави согласно стручната оспособеност и потребите на училиштето. Во случај на пократко отсуство на наставниот кадар директорот го прилагодува распоредот на |

| | |
|---|---|
| (директор, педагог, психолог) | часови во договор со наставниците. Кога се работи за подолго отсуство, се доставува Барање за согласност до Општината за испраќање на соодветен стручен наставен кадар. Наставниот кадар перманентно се обучува преку семинари, обуки, стручни усовршувања, дисеминации, посети на други институции и сл.<br><br>Од интервјуто со секретарот на училиштето констатирано е дека се почитува законот, правилниците и нормативите во врска со распоредувањето и работата на наставниот кадар . Документите на вработените редовно се ажурираат и постојано се дополнуваат.<br><br>**Стручната служба како поддршка на наставниот кадар**<br><br>Училиштето има стручна служба составена од педагог и психолог. Стручната служба активно се вклучува како поддршка на наставниот кадар.Овој тим им помага на наставниците во организацијата на наставата,постојано го следат развојниот напредок на учениците. Стручните соработници во училиштето заедно со директорот на училиштето постојано ја следат работата на наставниот кадар преку посета на часови и водење на педагошки картон и професионално досие.Стручните соработници го поттикнуваат наставниот кадар за иновативен пристап во наставата преку примена на современи приоди и техники.Тие во својата програма планираат и спроведуваат разновидни активности поврзани со наставниот процес и се секогаш се отворени за соработка.<br>Службата се справува со училишните проблеми на индивидуално и групно ниво. Овој тим е член на тимот на професионален развој на наставниците, при што им дава стручна поддршка на истите. Со флексибилноста на работата, службата е секогаш отворена за соработка и комуникација со сите субјекти во училиштето. |
| **Извори на податоци** | **6.4 Развој на персоналот** |
| Годишна програма на училиштето за работа во учебната 2020/21 година<br><br>Годишна програма за професионален развој на наставниците | **Професионален развој на наставниците**<br><br>Професионалниот развој на наставниот кадар е важен, постојан, интегративен процес во насока на долготрајно учење и практична работа..Преку професионалниот развој наставниците ја подобруваат сопствената практична настава. Формиран е тим за професионален развој. Членови на тимот се стручната служба , наставници од одделенска и предметна настава. Основна карактеристика на тимот за професионален развој е поседување висок степен на развиеност на педагошка култура на сите учесници во училиштето.<br><br>**Идентификување на потребите од стручно усовршување** |

| | |
|---|---|
| Полугодишен и годишен извештај за работата на училиштето<br><br>Записници од стручни активи<br><br>Записници и одлуки од Наставнички совет<br><br>Професионални досиеја на наставниците и стручните соработници<br>Портфолија на наставниците<br>Педагошки картон на наставниците<br><br>Разговор со стручната служба, наставниците и директорот<br>Листи од спроведени интерни обуки<br><br>Анкетен прашалник за наставниците | Тимот со своето работење ги идентификува развојните потреби од стручно усовршување на кадарот.<br>Тој со својата програма го планира идното професионално учење на наставниот кадар со стручни инструкции, дава насоки и ги мотивира наставниците да направат личен развоен план, ги поттикнува наставниците на творечка работа преку имплементирани креативни модели на настава.Програмата за професионален развој за наставниците е во согласност со програмите на стручните активи. Тимот со наставниците има отворена интерактивна соработка, а и водат конструктивни дијалози, дискусии, дебати. Овој тим го иницира функционирањето на стручните активи, како и аналитички ги следи отворените нагледни часови кои однапред се планирани во Годишната програма на училиштето и за истите во текот на годината се води уредна документација од страна на одговорните наставници.<br>Педагошко стручната служба, за наставниот кадар, уредно води портфолија за професионален развој, односно професионални досиеја во кои се евидентираат сите признанија, сертификати, дипломи и сл. Овие професионални досиеја континуирано се ажурираат и надополнуваат од страна на наставниот кадар. Тимот се грижи за младите наставници /приправници , при што со одлука на Наставничкиот совет се одредуваат нивни ментори кои системно ќе ја насочуваат и следат нивната работа и нивниот напредок. Менторите за својата работа доставуваат план и програма и поднесуваат извештаи за нивната професионална соработка со наставници – приправници.<br><br>**Интерни дисеминации од посетени семинари и сл.**<br>Училиштето ги согледува потребите на наставниците за професионално унапредување и им овозможува активно учество на семинари, обуки, проекти и слично, организирани од БРО и други релевантни институции и според согледувања од кои области има потреба. Знаењата и искуствата стекнати на тие обуки се пренесуваат и на останатиот наставен кадар преку дисеминации. Наставниот кадар од одделенска и предметна настава континуирно меѓусебно ги разменуваат своите искуства преку отворени и интегрирани часови, за кои се изготвуваат дневни планирања со уредно водена документација.Во текот на изминатите две години беа одржани вебинари кои беа во насока на поддржување на професионалниот развој на наставниот кадар. |
| Извори на податоци | **6.5 Финансиско работење во училиштето** |

| | |
|---|---|
| Финансиски план,<br><br>развоен план/програма<br><br>годишната програма за работа;<br><br>записници од разговори со директорот /наставниците, УО;<br><br>записници и одлуките на УО;<br><br>склучени договори, тендери за јавни набавки;<br><br>понуди;<br><br>програма на ученичката заедница;<br><br>финансиски извештај | **Постапки со кои се обезбедува почитување на законската регулатива  за финансиско работење.**<br><br>Постапките за финансиско работење, што ги спроведува училиштето, се во согласност со законските норми. Раководниот кадар ги знае и ги разбира механизмите што може да ги користи за стекнување дополнителни финансиски средства.<br><br>Финансиското работење на училиштето се контролира од страна на Училишниот одбор. Училишниот одбор редовно го следи наменското трошење на буџетот, со цел да има увид во потрошените финансиски средства.<br><br>**Транспарентност  во планирањето  на законската регулатива  за финансиско работење.**<br><br>Училиштето ги информира органите и телата во училиштето за училишниот буџет и трошењето. Одговорните лица редовно дискутираат за информации поврзани со ресурсите и преку одлуките што ги носат обезбедуваат економичност, ефикасност и правичност во распределувањето на финансиските средства.<br><br>Училиштето, материјалните трошоци, трошоците закомунални услуги и други финансиски трошоци ги врши од финансиски средства од основачот, преку претходно одобрен финансиски план.<br><br>Буџетот се користи наменски и за креативни цели што се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата и учењето, подобрување на<br><br>постигањата на учениците, како и развојот на  училиштето во целина.<br><br>На крајот од годината се изработува Годишна сметка со цел да се увиди каде се потрошени средствата во текот на годината и таа се доставува до Државен завод за ревизија, Централен регистар и Општината. |

| **Резултати:** |
|---|
| Клучни јаки страни<br><br>• Училиштето планира и навреме обезбедува потрошен материјал во потребната количина за реализација на наставните и вонnаставните активности согласно училишниот план. |

- Во училиштето функционира стручната служба.
- Стручната служба им помага на наставниците во организација на наставниот процес.

| Клучни слаби страни |
| --- |
| • Потребно е да се прошират просторните капацитети во подрачното училиште во С.Огњанци. |

## Подрачје бр.7 Управување,раководење и крерирање политика

| Бр. | Индикатор за квалитет | Теми |
| --- | --- | --- |
| 7.1 | Управување,раководење и креирање политика | • Управување со училиштето<br>• Раководење со училиштето |

| **Индикатор на квалитет** | **Констатирана состојба -информации кои се собрани** | |
|---|---|---|
| **Управување и раководење со училиштето** | **МИСИЈА:** Обезбедување квалитетен воспитно - образовен процес, преку примена на современи методи на учење, критичко размислување и интегрирање на информатичка технологија и дигитални вештини во наставата, поддршка на самостојноста на ученикот, во процесот на стекнување на знаења, вештини и ставови, за нивна практична примена во реалниот животен контекст, креирање на култура на доживотно учење.<br><br>**ВИЗИЈА:** Училиште во кое ќе се стекнуваат разновидни знаења со висок квалитет според индивидуалните можности на учениците од различна етничка припадност кои ќе доаѓаат на училиште редовно и со задоволство, со родителите ќе се воспостави партнерски однос и соработка, и континуиран развој на наставниот кадар и квалитетна настава базирана на современа методологија и мултикултура.<br><br>Развојни цели:<br>• Подигање на квалитетот на наставата на повисоко ниво што ќе овозможи максимално остварување на целите на наставата и зголемување на постигањата на учениците и остварување на повисоки резултати;<br>• Постојано стручно усовршување како и воспоставување внатрешен систем за перманентно стручно усовршување на воспитно-образовниот кадар;<br>• Унапредување на оценувањето во училиштето преку примена на | **Визија и мисија** |

| | | |
|---|---|---|
| | стандарди и критериуми за оценување, примена на современи методи за оценување и градење училишни стандарди.<br>• Градење на реален систем за следење, анализирање и унапредување на постигањата во училиштето. Оформување портфолија за ученици и наставници.<br>• Создавање позитивна клима и услови за учество на родителите во развојот на училиштето, јакнење на меѓуетничките односи и мултикултурализам.<br>• Отвореност и транспарентност кон локалната средина. | |

| **Индикатор на квалитет** | **Констатирана состојба -информации кои се собрани** | |
|---|---|---|
| **Управување и раководење со училиштето** | Орган на управување во училиштето е Училишниот одбор кој е конституиран согласно законската регулатива и Статутот на училиштето. Постои Деловник за работа на Училишниот одбор кој пак е составен од седум члена и тоа: тројца претставници од наставниците, тројца претставници од родителите и еден претставник од локалната самоуправа.<br><br>Училишниот Одбор составен од 7 члена и тоа 3 члена се мажи и 4 се жени. Училишниот Одбор (УО) е конституиран врз основа на законска регулатива ,Законот за Основно образование и Статутот на училиштето. Училишниот одбор се состанува по потреба, најмалку петпати годишно. Надлежностите за управување се јасно дефинирани со Деловник за работа на Училишниот Одбор. Состаноците се одржуваат со мнозинство на членови на одборот. Училишниот Одбор им обезбедува редовни и сеопфатни информации за својата работа на другите субјекти вклучени во воспитно - образовниот процес. Седниците на Училишниот одбор се свикуваат со писмени покани. Сите одлуки и заклучоци се донесуваат со консензус и истите се објавуваат на огласните табли. За работата на УО се водат записници.Еден пример од записникот останува кај претседателот на Училишниот одбор, а еден примерок се доставува во архивата на училиштето. Училишниот одбор успешно соработува со раководниот орган, Советот на родители, локалната самоуправа и со други институции. | **Статут на училиште и Деловник за работа на училишниот одбор** |

| | | |
|---|---|---|
| | | |

| Индикатор на квалитет | Констатирана состојба -информации кои се собрани | |
|---|---|---|
| **Управување и раководење со училиштето** | Училиштето е специфична работна средина, каде што продуктот не е предмет, не е дизајн, не е интересно пакување. Продуктот е нешто во што треба да се вгради многу трпение, знаење, вештина, расположение. Во училиштето се применува модерна дидактика, фокусирана подеднакво на изучување на природно – математичката група предмети, општествените предмети, јазиците, со еден збор се што е во функција на основното образование.<br>· Училиштето максимално ги искористува поволностите што ги овозможува компјутерската опрема, интернетот и настојува истата да ја надградува и осовременува.<br>· Во училиштето се запишуваат и учат ученици кои што стекнуваат знаења и вештини за да можат со успех да го продолжат своето понатамошното образование.Орган на раководење на основното училиште е директорот. Директорката Виолета Јаневска македонка – е избрана за директор во 21.12.2020год и ова е нејзин трет мандат. Визијата на директорката е училиште што ќе обезбеди квалитет во процесот на стекнување на знаења, умеења и вештини. Развиена позитивна училишна клима. Развиена способност за тимска работа кај наставниот кадар. Развиено другарство кај учениците. Добра соработка со родителите .Почитување на другите без разлика на нивната националност и верска припадност. Почитување на правата и обврските без разлика на верска, етничка, полова припадност и социјален статус. Запознавање на другата култура и традиција преку заеднички активности на ученици, наставници и родители.Директорката објективно ги оценува квалитетите на вработените и нивниот придонес во тимската работа преку | **Директор** |

| | | |
|---|---|---|
| | редовно следење на работата, посета на часови, извештаи и промовира добра пракса што постои во училиштето преку секојдневна комуникација со вработените..Таа успешно раководи со промените во образовниот систем. Добро раководи и има определби кон покачување на стандардите и за професионално усовршување на наставниците и развој на учениците преку споделување на искуства, следење на обуки организирани од МОН, БРО и други акредитирани институции. Директорот иницира и воспоставува продуктивна соработка со непосредната и поширoката заедница. | |

| **Индикатор на квалитет** | **Констатирана состојба - информации кои се собрани** | |
|---|---|---|
| **Управување и раководење со училиштето** | Советот на родители се состои од по еден претставник од секоја паралелка избран од страна на родителите на училиштето. Советот на родители одржува состаноци по потреба, најмалку четири-пет пати годишно. Советот на родители ги разгледува состојбите на успехот и поведението на училиштето и предлага мерки за нивно подобрување, врши други работи кои се од интерес за остварување на воспитно - образовната работа во училиштето. На голем број седници се расправа по прашања предложени од родителските совети и се реализираат работилници. | **Совет на родители** |

| Индикатор на квалитет | Констатирана состојба -информации кои се собрани | |
|---|---|---|
| **Управување и раководење со училиштето** | Од стручните органи во училиштето функционираат: Наставнички совет, Одделенски совет, Стручен актив на наставници од одделенска настава и Стручен актив на наставници од предметна настава .Нивните активности се планирани со Годишната програма за работата на училиштето. Сите постигнувања на директорот, Советот на родители и стручните органи се поткрепени со соодветна документација.<br><br>Наставничкиот совет го сочинуваат 55 члена од кои педесет и два се наставници, двајца стручни соработници и еден директор. Во овој број вклучени се и одговорните наставници по стручните активи. Стручната служба ја сочинува психолог, Горан Шотаровски и педагог, Зорица Трајковска.<br><br>Во подрачното училиште Огњанци и во подрачното училиште Катланово има поставено раководители. Нивните подрачни раководители ги изнесуваат позитивните и негативните работи во подрачните училишта. Со тоа влијаат за подобрување на образовниот процес и подобрување на условите за работа во подрачните училишта. | **Наставнички совет** |

| | | |
|---|---|---|
| | | |

| Индикатор на квалитет | Констатирана состојба -информации кои се собрани | |
|---|---|---|
| **Управување и раководење со училиштето** | Во Годишната програма се предвидени целите, а Програмата за развој е посебен документ за образовната политика на училиштето. Директорот редовно доставува извештај до надлежните органи за успехот и постигањата на образовната работа, Годишна програма, извештај за материјално работење и сл. до Општината, МОН, БРО. Раководниот тим (Директор, Училишен одбор) во соработка со Ученичката заедница, Наставничкиот совет и Советот на родители води политика за креирање на акти и документи кои ќе ги регулираат прашањата во врска со однесувањето на учениците (дисциплина, поведение, почитување на половите и верските разлики). Во Годишната програма за работа на училиштето сосема јасно се дефинирани и програмирани образовните политики на училиштето во сите подрачја и во неа е содржано интегрирањето на еколошката едукација во образовниот систем. Веќе неколку години училиштето планира и изведува ЕКО активности.Секако мора да се спомене и МИО проектот кој се спроведува во наставната програма и наставните содржини.Нашето училиште е партнер со ООУ.Ристо Крле од Кадино -општина Илинден и нашето подрачно училиште од с.Огњанци. Целите на развојното планирање се јасни и прецизни и се темелат на стратешките цели од развојниот план на училиштето.При нивно постававување се вклучени наставниците, родителите, учениците и претставници од локалната заедница. Училиштето има акциски планови за поставените цели, доследно ги спроведува и има план за следење и евалуација на реализацијата на активностите. Училиштето ги информира наставниците, учениците и родителите за поставените | **Годишна програма** |

| | | |
|---|---|---|
| | цели, динамиката за нивно реализирање и постигнатите резултати. | |

| **Индикатор на квалитет** | **Констатирана состојба - информации кои се собрани** | |
|---|---|---|
| **Управување и раководење со училиштето** | Родителските средби се одржуваат редовно и тоа:на прво тромесечие, на полугодие , на трето тромесечие и на крајот на наставната година. Вонредните состаноци се одржуваат по потреба од било каква природа, насочена кон активностите за училиштето. Состаноците се водат според однапред изготвен дневен ред, а присуството на истите е задолжително. Пробелемите најчесто се решаваат на ниво на наставнички совет. Родителите се известени за успехот и поведението на нивните деца. | **Родителски средби** |

| **Индикатор на квалитет** | **Констатирана состојба -информации кои се собрани** | |
|---|---|---|
| **Управување и раководење со училиштето** | Училиштето има изготвено годишен финансов план , а секој месец се изготвува месечен финансов план. На крајот од годината се прават завршни сметки.<br><br>Јавните набавки се спроведуваат согласно законот. За јавните набавки во училиштето одговорна е комисија којашто е составена од 3 члена од редовите на наставниците. | **Финансии и јавни набавки** |

| КЛУЧНИ РАБОТИ |
| --- |
| • Доследно спроведување на Законот за основно образование и негова примена во училиштето во сите области и сфери;<br>• Вклученост на училиштето во проекти;<br>• Нагласена грижа за унапредување на здравјето на учениците;<br>• Училиштето има стручен кадар по сите предмети;<br>• Обезбедува професионален развој на кадарот;<br>• Добра соработка помеѓу директорот на училиштето, претседателот и членовите на Училишниот одбор;<br>• Континуирана соработка со локалната самоуправа на општина Петровец, Биро за развој на образованието, МОН…<br>• Континуирана соработка со родителите (Совет на родители);<br>• Постои соработка помеѓу стручната служба и Наставничкиот совет, стручните активи и другите вработени;<br>• Подобрување на техничките и хигиенски услови;<br>• Подобрување на редот и дисциплината кај учениците . |

Од сите направени анализи ,испитувања ,анкети за време на  самоевалуацијата може да се забележи дека училиштето чекори сигурно кон патотот на успехот .

| **Слабости:** |
|---|
| ➢ Недоволна поткрепеност со ИКТ технологија,<br>➢ Недостиг на материјални средства за реално планирање и реализација на конкретни содржини и активности |
| **Идни активности:приоритети од ова подрачје кои можат да бидат вклучени во планот за развој на училиштето** |
| ➢ Доопремување на училиштето со компјутери и  инсталирање на дополнителни современи апликации за примена во наставата по ИКТ<br>➢ Надополнување на училиштето со потребни материјали и ресурси за работа. |

| **Анализа на резултатите:** |
|---|
| Од досегашната анализа може да се каже дека училиштето претставува безбедно и пријатно катче каде што нашите ученици вредно работат и другаруваат, каде што се води севкупна грижа за учениците. Проблемите се решаваат во соработка со родителите, наставниците и стручната служба на училиштето. Со цел да се негува и унапредува здравјето на учениците, се организираат презентации, работилници, предавања за здравствено образование, проекти во соработка со |

институциите од локалната заедница кои се компетентни за оваа област. Редовно се вршат предвидените систематски прегледи и вакцинации на учениците. Во нашето училиште нема разлики по пол и етничка припадност во однос на успехот, подршката, професионалната ориентација и изборот на идното школување на учениците во средните училишта. Се води редовна евиденција за присутноста, поведението и успехот на учениците. Наставниците секојдневно го следат и го бележат напредокот на учениците. Педагошката служба е секогаш отворена за учениците, родителите и наставниците, за решавање на потешкотиите како и за споделување на напредокот и постигнатите резултати. Учениците кои имаат проблеми со здравјето доставуваат лекарска потврда за својата состојба особено кога се работи за часовите по физичко и здравствено образование. За да им помогнат на учениците во разрешувањето на проблемите и тешкотиите, вработените за секој ученик дискутираат индивидуално на Советот на одделенските наставници и Советот на предметните наставници како и на Наставничките совети. Училиштето ги следи емоционалните, физичките и социјалните потреби на своите ученици, без разлика на полот и етничката припадност како и посебните образовни потреби, настојувајќи овие потреби учениците да ги реализираат во текот на наставата и вон-наставните активности.

ООУ „КОЧО РАЦИН“ – ПЕТРОВЕЦ

ОПШТИНА – ПЕТРОВЕЦ

Петровец ,2021

М.П

ДИРЕКТОР

ВИОЛЕТА ЈАНЕВСКА

____________________________